# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 121 Год. LXVI Среда, 15 септември 2010 Цена на овој број е 270 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2339. | **Уредба** за правилата за доделување на слотови............................................. | 2 |
| 2340. | **Одлука** за дополнување на Статутот на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници транспорт АД – Скопје................................. | 3 |
| 2341. | **Одлука** за изменување на Одлуката за распределба на средствата за изградба на каскадни прегради на река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров................................................... | 3 |
| 2342. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за употреба на вишокот на средства (распределба на добивка) на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Скопје по Годишната сметка за 2009 година................................................... | 3 |
| 2343. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за станови и подруми за објектот Довлеџик 2 ламела 2 и 3 во Битола....... | 3 |
| 2344. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Мајнц.................................... | 4 |
| 2345. | **Одлука** за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за економија................................ | 4 |
| 2346. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за млади и спорт........... | 4 |
| 2347. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице...................................................... | 5 |
| 2348. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Мајнц.................................... | 17 |
| 2349. | **Решение** за разрешување и именување членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија........................................... | 17 |
| 2350. | **Решение** за изменување на Решението за именување на раководител, заменик-раководител, секретар и членови на координативното тело за интелектуална сопственост......................... | 18 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2351. | **Решение** за изменување на Решението за именување на координатор, заменик – координатор, секретар и членови на координативното тело за надзор на пазарот | 18 |
| 2352. | **Годишна програма** за изменување и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2010 година | 18 |
| 2353. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини за 2010 година | 19 |
| 2354. | **Програма** за изменување на Програмата за основни геолошки истражувања за 2010 година | 19 |
| 2355. | **Програма** за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2010 година | 19 |
| 2356. | **Програма** за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2010 година | 20 |
| 2357. | **Програма** за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2010 година | 22 |
| 2358. | **Национална програма** за развој на социјалната заштита 2011-2021 | 24 |
| 2359. | **Објава** од Министерството за надворешни работи | 76 |
| 2360. | **Објава** од Министерството за надворешни работи | 76 |
| 2361. | **Објава** од Министерството за надворешни работи | 77 |
| 2362. | **Објава** од Министерството за надворешни работи | 77 |
| 2363. | **Објава** од Министерството за надворешни работи | 77 |
| 2364. | **Објава** од Министерството за надворешни работи | 77 |
| 2365. | **Правилник** за поблиските услови, начинот и постапката за спроведување и примена на забраните за употреба на одредени нуспроизводи во исхраната на животните и одредени технички производи од нуспроизводи од животинско потекло(*) | 77 |
| 2366. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | 82 |
| 2367. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | 82 |
| 2368. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | 82 |
| 2369. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | 83 |
| 2370. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | 83 |
| 2371. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | 83 |
| 2372. | **Оглас** за избор на јавни обвинители | 84 |
| 2373. | **Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец август 2010 година | 84 |
| | **Огласен дел** | **1-76** |


## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2339.**

Врз основа на член 71-а став 5 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.09.2010 година донесе

### УРЕДБА ЗА ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СЛОТОВИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат правилата за доделување на слотови.

Член 2

(1) Правилата за доделување на слотови се утврдени со Регулативата (ЕЕЗ) бр.95/93 од 18 јануари 1993 година за заеднички правила за доделување на слотови на аеродромите во Заедницата, изменета со ЕУ Регулативите 894/2002, 1554/2003, 793/2004 и 545/2009, која е преземена со Анексот 1 на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област („Службен весник на Република Македонија” бр.27/2007 и 98/2009), (во натамошен текст ЕУ Регулатива 95/93).

(2) ЕУ Регулативата 95/93 е дадена во прилог и е составен дел на оваа уредба.

(3) Поимите, “Заедница“, “Право на Заедницата“, “Службен весник на Заедницата“, “Превозник на заедницата“, “Аеродром во Заедницата“, “Земји-членки“ и “Договор за Европската заедница“ во ЕУ Регулативата 95/93 ќе се дефинираат во согласност со Анексот II ставови (2) и (3) на Мултилатералната спогодба од став (1) на овој член.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-5067/1
7 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**2340.**

Врз основа на член 383, став 1 алинеја 1 и член 418 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија” бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010 и 48/2010) Владата на Република Македонија во својство на Собрание на Акционерско друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД - Скопје, на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ТРАНСПОРТ МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД – СКОПЈЕ**

Член 1

„Во Статутот на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД – Скопје број 1010/1-10 од 25.12.2009 година (пречистен текст), во член 6 став 1 по дејноста 95.11 Поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема се додава нова дејност која гласи:

46.71 Трговија на големо со цврсти, течни и гасовите горива и слични производи“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3425/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2341.**

Врз основа на член 30, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ број 156/2009 и 95/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА КАСКАДНИ ПРЕГРАДИ НА РЕКА ВАРДАР ЗА ОПШТИНИТЕ САРАЈ И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

1. Во Одлуката за распределба на средствата за изградба на каскадни прегради на река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2010) во точката 2, алинеја 1 се менува и гласи:

- за изградба на колекторски системи за населените места Грчец, Глумово, Шишево, општина Сарај ........................................................................... 11.748.292

Алинеја 2 се менува и гласи:

- за изградба на канализациона мрежа во општина Ѓорче Петров.................................................... 10.251.708

ВКУПНО : ……………………………….. 22.000.000

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-4587/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2342.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УПОТРЕБА НА ВИШОКОТ НА СРЕДСТВА (РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКА) НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ СКОПЈЕ ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за употреба на вишокот на средства (распределба на добивка) на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Скопје по Годишната сметка за 2009 година, бр.02-1147/1-9 од 22.07.2010 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 22.07.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-4563/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2343.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА СТАНОВИ И ПОДРУМИ ЗА ОБЈЕКТОТ ДОВЛЕЏИК 2 ЛАМЕЛА 2 И 3 ВО БИТОЛА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за станови и подруми за објектот Довлеџик 2 ламела 2 и 3 во Битола бр.02-12256/9-2, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на седницата, одржана на 16.07.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-5003/1 Заменик на претседателот
7 септември 2010 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2344.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи (“Службен весник на Република Македонија бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седница одржана на 7.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО МАЈНЦ**

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Сојузна Република Германија, со седиште во Мајнц.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-5034/1 Заменик на претседателот
7 септември 2010 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2345.**

Врз основа на член 20 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005 и 150/2007) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.09.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за економија му се доделува на трајно користење, без надомест недвижна ствар – земјиште кое претставува КП бр.2789/2 КО Нерези во површина од 5630 м$^2$, евидентирано со Поседовен лист бр.2053, КП бр.2764/2 и 2765/2 КО Нерези во површина од 5425 м$^2$, евидентирано со Имотен лист 3051 и КП бр.2773/3 КО Нерези во површина од 1140 м$^2$, евидентирано со Имотен лист 3050, со вкупна површина од 12.195 м$^2$, определено согласно ГУП: со урбанистички план вон населено место Горно Нерези – локалитет „Македонско село“, донесено со Одлука бр.07-637/1 од 26.02.2009 година, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-5227/1 Заменик на претседателот
14 септември 2010 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2346.**

Врз основа на член 20 став 1 и 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005 и 150/2007), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник – Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија му престанува користењето на недвижна ствар – спортска сала во Струмица ул. „Спартаковска“ б.б по Имотен лист бр. 15661 за Катастарска општина Струмица, Катастарска парцела бр. 15 со вкупна површина од 3438 м2, во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Агенцијата за млади и спорт.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија и директорот на Агенција за млади и спорт на Република Македонија во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-5269/1 Заменик на претседателот
7 септември 2010 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**2347.**

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07 и 120/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА НАПЛАТУВАЊЕТО НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ БИРОТО ЗА МЕТРОЛОГИЈА И ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ**

Член 1

Во Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/04 и 64/08), во член 1 по зборовите: „оцена на сообразноста на типот на мерилата“ се додаваат зборовите: „оцена на сообразноста на мерилата со суштествените барања“.

Член 2

Тарифата за надоместок за услугите на Бирото за метрологија и овластеното правно лице што е дадена во прилог 1 на Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/04 и 64/08) се менува со нова тарифа за надоместок за услугите на Бирото за метрологија и овластеното правно лице која е дадена во прилог 1 кој е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-4961/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**Прилог 1**

# ТАРИФА
# ЗА НАДОМЕСТОК ЗА УСЛУГИТЕ НА БИРОТО ЗА МЕТРОЛОГИЈА И ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ

## ГЛАВА I
## Верификација на мерила

| Наименување | Бод/парче | Шифра |
|---|---|---|
| **А.Мерила за должина** | | |
| 1. Материјализирани мери | | |
| 1) едноделни мерила од дрво и сличен материјал во облик на стап | 5 | 01110 |
| 2) едноделни мерила од метал во облик на стап (линејки, летви и сл.) | | |
| а) до 2 м | 10 | 01121 |
| б) преку 2 м | 20 | 01122 |
| 5) мерила со мерна лента без висок: | | |
| а) до 5 м | 3 | 01151 |
| б) преку 5 м до 30 м | 5 | 01152 |
| в) преку 30 м до 50 м | 10 | 01153 |
| г) преку 50 м | 15 | 01154 |
| 6) мерила со мерна лента со висок : | | |
| а) до 10 м | 5 | 01161 |
| б) преку 10 м до 30 м | 10 | 01162 |
| в) преку 30 м | 15 | 01163 |
| 2. Специјални мерила: | | |
| 1) мерила за дебелина на округла дрвена граѓа | 15 | 01230 |
| 2) мерила за широчина и наклон на колосек | 25 | 01240 |
| 3) автоматски мерила на ниво на течности во неподвижни резервоари | 100 | 01250 |
| **Б. Мерила за површина** | | |
| 1. Планиметри (механички и електронски) | 15 | 02100 |
| **В.Мерила за зафатнина** | | |
| 1. Мерила за зафатнина на цврсти материјали : | | |
| 1) рамови за дрва | 15 | 03120 |
| 2. Мерила за ограничена зафатнина на течности : | | |
| 1) лабораториски мерила за течности : | | |
| а) мерни тиквици до 2000 мл. | 0,5 | 03211 |
| б) мерни цилиндри | 0,5 | 03212 |
| в) пипети | 0,2 | 03213 |
| г) бирети | 0,2 | 03214 |
| д) меланжери | 0,2 | 03215 |
| 2) медицински инекциони шприцеви | | |
| а) стаклени | 0,5 | 03221 |
| б) пластични | 0,003 | 03222 |
| 3) угостителски садови (чаши, шишиња бокали) | 0,01 | 03230 |
| 4) буриња и каци | | |

| | | |
|---|---|---|
| а) до 100 l | 10 | 03251 |
| б) преку 100 l | 20 | 03252 |
| 5) цистерни: | | |
| а) до 20 $m^3$ зафатнина | 140 | 03261 |
| б) преку 20 $m^3$ зафатнина | 250 | 03262 |
| 6) резервоари: | | |
| а) до 100 $m^3$ зафатнина | 150 | 03271 |
| б) преку 100 $m^3$ до 500 $m^3$ зафатнина | 250 | 03272 |
| в) преку 500 $m^3$ зафатнина | 500 | 03273 |
| 7) млекомери | 5 | 03280 |
| 3. Проточни мерила за зафатнина на течности: | | |
| 1) Водомери : | | |
| а) до 10 $m^3$/h | 2 | 03311 |
| б) преку 10 $m^3$/h до 50 $m^3$/h | 3 | 03312 |
| в) преку 50 $m^3$/h до 100 $m^3$/h | 10 | 03313 |
| г) преку 100 $m^3$/h до 200 $m^3$/h | 20 | 03314 |
| д) преку 200 $m^3$/h до 500 $m^3$/h | 50 | 03315 |
| ѓ) преку 500 $m^3$/h | 100 | 03316 |
| 2) справи за мерење на течни горива и мазива | | |
| а) до 80 l/min | 100 | 03321 |
| б) над 80 l/min | 150 | 03322 |
| 3) справи за мерење на мешавини на течни горива и мазива | 50 | 03330 |
| 4) справи за мерење течен гас | 100 | 03340 |
| 5) броила за справи за мерење на течни горива | 50 | 03350 |
| 6) проточни мерила за разни течности: | | |
| а) до 100 l/min | 50 | 03361 |
| б) преку 100 l/min до 200 l/min | 100 | 03362 |
| в) преку 200 l/min | 200 | 03363 |
| б) преку 500 l/min до 1000 l/min | 250 | 03364 |
| в) преку 1000 l/min до 2000 l/min | 300 | 03365 |
| 4. Мерила за зафатнина на гасови : | | |
| 1) гасомери (плиномери) со течност | 5 | 03410 |
| 2) гасомери (плиномери) со мевови | | |
| а) до 16 $m^3$/h | 10 | 03421 |
| б) преку 16 $m^3$/h | 20 | 03422 |
| 3) гасомери со ротациони клипови | 20 | 03430 |
| 4) гасомери со турбина | 20 | 03440 |
| 5) останати мерила за гасови | 100 | 03450 |

**Г. Мерила за маса**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Тегови : | | |
| 1) со класа на точност М2 | | |
| а) до 200 g | 2 | 05111 |
| б) над 200 g | 3 | 05112 |
| 2) со класа на точност М1 | | |
| а) до 20 kg | 4 | 05121 |
| б) преку 20 kg до 50 kg | 15 | 05122 |
| в) над 50 kg | 30 | 05123 |
| 3) класа на точност F1 и F2 | 20 | 05130 |
| 2. Ваги | | |
| 1) со неавтоматско функционирање, со класа на точност (I) и (II) : | | |
| а) прецизни ваги | 25 | 05211 |

| | | |
|---|---|---|
| 2) Ваги со неавтоматско функционирање, со класа на точност (III) и (IIII) со постојана положба на рамнотежата: | | |
| а) до 20 kg | 10 | 05221 |
| б) над 20 kg до 500 kg | 20 | 05222 |
| в) над 500 kg до 5000 kg | 40 | 05223 |
| г) над 5000 kg до 20000 kg | 90 | 05224 |
| д) над 20000 kg до 50000 kg | 140 | 05225 |
| ѓ) над 50000 kg | 280 | 05226 |
| 3) Ваги со неавтоматско функционирање, со класа на точност (III) и (IIII) со променлива положба на рамнотежата : | | |
| а) до 20 kg | 25 | 05231 |
| б) над 20 kg до 500 kg | 30 | 05232 |
| в) над 500 kg до 5000 kg | 40 | 05233 |
| г) над 5000 kg до 20000 kg | 125 | 05234 |
| д) над 20000 kg до 50000 kg | 360 | 05235 |
| ѓ) над 50000 kg | 500 | 05236 |
| 4) Електромеханички ваги со неавтоматско функционирање со класа на точност (III) и (IIII) со мерни претворувачи : | | |
| а) до 20 kg | 35 | 05241 |
| б) над 20 kg до 500 kg | 50 | 05242 |
| в) над 500 kg до 5000 kg | 70 | 05243 |
| г) над 5000 kg до 20000 kg | 170 | 05244 |
| д) над 20000 kg до 50000 kg | 420 | 05245 |
| ѓ) над 50000 kg | 500 | 05246 |
| 5) Ваги со автоматско и полуавтоматско функционирање (освен ваги на транспортна лента),за еден вид на измерен материјал: | | |
| а) до 50 kg | 100 | 05251 |
| б) над 50 kg до 500 kg | 150 | 05252 |
| в) над 500 kg | 200 | 05253 |
| Напомена за 5):За ваги за мерење на повеќе видови на материјал надоместокот се зголемува онолку пати колку видови на материјал се користат при испитувањето. За ваги за мерење на повеќе различни маси надоместокот се зголемува онолку пати колку различни маси сеиспитуваат: | | 05254 |
| 6) Контролни ваги што на преглед ги поднесуваат производителите и лицата што поправаат и преправаат ваги : | | |
| а) до 50 kg | 50 | 05261 |
| б) над 50 kg | 100 | 05262 |
| 7) Автоматски ваги | | |
| а) Континуирани збирни ваги (тотализатор) | 200 | 05271 |
| б) Дисконтинуирана збирна вага (тотализатор) | 200 | 05272 |
| в) Автоматска вага за проверка на пакувани производи (checkweigher) | | |
| до 10 kg | 25 | 05273 |
| над 10 kg до 50 kg | 50 | 05274 |
| г) Автоматска вага со гравиметриско полнење (checkweigher) | | |
| до 20 kg | 35 | 05281 |

| | | |
|---|---|---|
| над 20 kg до 500 kg | 50 | 05282 |
| над 500 kg до 5000 kg | 70 | 05283 |
| над 5000 kg до 20000 kg | 170 | 05284 |
| над 20000 kg до 50000 kg | 420 | 05285 |
| над 50000 kg | 500 | 05286 |
| д) Автоматски шински ваги | 500 | 05290 |
| **Д. Мерила за притисок (напон)** | | |
| 1. За општа намена: | | |
| 1) Манометри, вакуумметри, со еластичен мерен елемент: | | |
| а) со класа на точност 5; 4; 2,5 и 1,6 (погонски) | 5 | 06111 |
| б) со класа на точност 1; 0,6; и 0,5 (прецизни) | 10 | 06112 |
| 2) Мановакуумметри со еластичен мерен елемент: | | |
| а) со класа на точност 5; 4; 2,5 и 1,6 (погонски) | 7,5 | 06121 |
| б) со класа на точност 1; 0,6; и 0,5 (прецизни) | 15 | 06122 |
| 2. За посебна намена: | | |
| 1) манометри за мерење крвен притисок | | |
| а) механички | 5 | 06211 |
| б) електронски | 10 | 06212 |
| 2) манометри за мерење притисок во пневматици | 10 | 06220 |
| Ѓ. Мерила за густина | | |
| 1. Ареометри (сахариметри, широметри, лактодензиметри и уринометри) | 5 | 09100 |
| 2. Справи за мерење на зафатнинска (хектолитарска) маса на жито : | | |
| 1) со сад од 0,25dm$^3$ (литри) | 30 | 09210 |
| 2) со сад од 1dm$^3$ (литри) | 40 | 09220 |
| **Е. Мерила за концентрација (содржина)** | | |
| 1. Алкохолометри | 10 | 10100 |
| 2. Етилометри | 50 | 10110 |
| 3. Ебулиоскопи | 18 | 10200 |
| 4. Бутирометри за млеко, павлака и сирење | 5 | 10300 |
| 5. Справи за мерење на влажноста на житото | 50 | 10400 |
| 6. Анализатори на гасови за контрола на издувни гасови кај моторни возила | 150 | 10500 |
| **Ж. Мерила за температура** | | |
| 1. Медицински термометри : | | |
| 1) медицински (хумани) термометри - живини | 2 | 13110 |
| 2) медицински (хумани) термометри - електрични | 2 | 13120 |
| 3) ветеринарски термометри | 2 | 13130 |
| 4) инкубаторски термометри | 2 | 13140 |
| 2.Термометри | | |
| 1)Останати мерила за температура | 2 | 13210 |
| **З. Мерила за време** | | |
| 1. Вклопни часовници за мерни групи | 5 | 14100 |
| 2. Механички часовници за паркирање на возила | 3 | 14400 |
| 3. Електронски часовници за збирно паркирање на возила на паркилариштa и во гаражи | 20 | 14500 |
| 4. Вклопен часовник што се користи во телефонскиот и | | |

| | | |
|---|---|---|
| телеграфскиот сообраќај за поставување тарифа | 360 | 14600 |
| 5.Давач на тарифни импулси што се користи во телефонскиот и телеграфскиот сообраќај за поставување тарифа | 360 | 14700 |
| Напомена за 7.: За секоја испитана тарифа во Телефонскиот и телеграфскиот сообраќај, надоместокот се зголемува за уште 20 % | | 14800 |

## И. Мерила за електромагнетни големини

1.Мерни трансформатори

| | | |
|---|---|---|
| 1) Струјни мерни трансформатори за Si 3,6 за основен опсег: | | |
| а) до 500 A | 10 | 15131 |
| б) над 500 A до 2000 A | 20 | 15132 |
| в) над 2000 A до 5000 A | 30 | 15133 |
| Напомена за 1): За секој натамошен опсег или друго јадро, надоместокот се зголемува за уште 100%. | | 15134 |
| 2) струјни мерни трансформатори над Si 3,6 за основен опсег: | | |
| а) струен трансформатор до Si 38 | 20 | 15141 |
| б) струен трансофрматор до Si 123 | 100 | 15142 |
| в) струен трансформатор до Si 245 | 200 | 15143 |
| г) струен трансформатор до Si 420 | 300 | 15144 |
| Напомена за 2): За секој натамошен опсег или друго јадро, надоместокот се зголемува за уште 100%. | | 15145 |
| 3) Напонски мерни трансформатори за основен опсег | | |
| а) трансформатор до Si 38 | 15 | 15151 |
| б) трансформатор до Si 123 | 80 | 15152 |
| в) трансформатор до Si 245 | 160 | 15153 |
| г) трансформатор до Si 420 | 240 | 15154 |
| Напомена за 3): За секој натамошен опсег или друга намотка, надоместокот се зголемува за уште 100 %. | | 15155 |

2. Мерила за електрична енергија

| | | |
|---|---|---|
| 1) Броила за активна електрична енергија со класа на точност 2,5 и 2 и реактивна електрична енергија, со класа на точност 3: | | |
| а) монофазно броило со еднотарифен бројчаник | 3 | 15221 |
| б) монофазно броило со тарифни или додатни направи | 4 | 15222 |
| в) трифазно броило со два, односно три система за задвижување и со еднотарифен бројчаник | 5 | 15223 |
| г) трифазно броило со два, односно три система за задвижување и со тарифни и додатни направи | 7 | 15224 |
| 2) Броила со активна електрична енергија, со класа на точност 1 и 0,5: | | |
| а) Трифазно броило со два, односно три система за задвижување и со еднотарифен бројчаник | 30 | 15231 |
| б) трифазно броило со два, односно три система за задвижување и со тарифни и додатни направи | 35 | 15232 |
| 3)Статички (електронски) броила за активна електрична енергија, со класа на точност 0,2; S (0,2) и 0,5; S (0,5) и статички броила за реактивна електрична енергија : | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| а) монофазно броило со еднотарифен бројчаник | 20 | | 15241 |
| б) монофазно броило со тарифни или додатни направи | 22 | | 15242 |
| в) трифазно броило со еднотарифен бројчаник | 25 | | 15243 |
| г) трифазно броило со тарифни и додатни направи | 30 | | 15244 |
| За преглед на статички (електронски) броила што се наменети за мерење на електрична енергија во двете насоки, надоместокот од одредбата под 3 на овој тарифен број се зголемува за уште 30 %, | | | 15245 |
| а за преглед на статички (електронски) броила (панели броила) што се наменети за мерење на активна и реактивна електрична енергија, надоместокот од одребата под 3 на овој тарифен број се зголемува за уште 100 %. | | | 15246 |
| 3. Мерила за електрична отпорност: | | | |
| 1) Мерила за отпорност на заземјување | 10 | | 15320 |
| 2) Мерила за отпорност на изолација | 10 | | 15330 |
| 3) Мерила за отпорност на клучка (јазол) | 10 | | 15340 |
| **К. Мерила со специјална намена** | | | |
| 1. Таксаметри | 20 | | 99200 |
| 2. Мерила за контрола на брзината на возила во движење | | | |
| 1)ако прегледот се врши со споредбена метода | 70 | | 99301 |
| 2) ако прегледот се врши по апсолутна метода | | 100 | |
| 99302 | | | |
| 3. Мерила за количество на топлина (калориметри) | | | |
| а) до 2,5 $m^3$ | 10 | | 99401 |
| б) преку 2,5 $m^3$ до 10 $m^3$ | 20 | | 99402 |
| в) преку 10 $m^3$ | 30 | | 99403 |
| 4. Мерен склоп за мерење на топлинска енергија | | | |
| а) Сметачка единица на мерила за топлинска енергија со температурни давачи | 15 | | 99501 |
| б) Проточно мерило за топлинска енергија со проточни давачи | 15 | | 99502 |
| 5. Мерила за мерење на сила на кочење кај моторни возила | 200 | | 99600 |

## ГЛАВА II
## МЕТРОЛОШКИ НАДЗОР НАД КОЛИЧИНИТЕ И ОЗНАКИТЕ НА ПАКУВАНИТЕ ПРОИЗВОДИ

| | | Бод/парче | Шифра на услугата |
|---|---|---|---|
| 1. | Вид на пакуваните производи | | |
| | 1) Тврди | | |
| | а) парчосана маса | 100 | 100100 |
| | б) истурлива маса | 50 | 100110 |
| | в) исцедена маса | 150 | 110120 |
| | г) останати | 50 | 100130 |
| | 2) Течни | | |

| | | |
|---|---|---|
| а) без надпритисок | 50 | 100200 |
| б) под притисок (пенливи) | 80 | 100210 |
| в) лепливи (густи) | 100 | 100220 |
| г) останати | 50 | 100230 |
| 3) Гасовити | | |
| а) аеросоли | 100 | 100300 |
| б) други гасови | 80 | 100310 |

## ГЛАВА III
## НАДОМЕСТОК ВО ВРСКА СО ВЕРИФИКАЦИЈАТА НА МЕРИЛАТА

| | | Бод | Шифра на услугата |
|---|---|---|---|
| 1. | За изнајмување на работни еталони - паралелопипедни тегови од 20 kg со класа на точност M1, за секој започнат тон, по секој започнат ден | 100 | 80100 |
| 2. | За издавање на годишен жиг - налепница за овластените правни лица | 1 | 80200 |
| 3. | За издавање на метални годишни жигови за овластените правни лица | 1000 | 80300 |
| 4. | За издавање на метален годишен жиг за претходно Испитување (за инспекциски тела) | 200 | 80310 |
| 5. | За упис во Регистерот на Бирото на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерило од странско потекло | 800 | 80400 |
| | (За мерила кои не ги исполнуваат условите за упис во Регистерот, надоместокот се наплатува согласно точка 5 од ГЛАВА IV од овој прилог) | | |
| 6. | За упис во Регистерот на Бирото на ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилото од странско потекло | 200 | 80410 |
| 7. | За упис во Регистерот на Бирото на сертификатите за калибрација на мерилата односно еталоните од странско потекло | 30 | 80420 |
| 8. | За издавање на дупликат од документи издадени од Бирото, по една страна | 10 | 80500 |
| 9. | За издавање на резултати од испитувањето или сертификати за верификација на мерилото, се наплатува повторно износот предвиден за одредениот вид мерило со оваа тарифа | | 80600 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | За превоз на работници на Бирото за вршење на стручни и други работи во областа на метрологијата со возило на Бирото, надоместот се наплатува за еден изминат километар 30% од важечката цена на супер бензинот (98 октана) | 80700 |

## ГЛАВА IV
## НАДОМЕСТОК ШТО СЕ НАПЛАТУВА ПО РАБОТЕН ЧАС

| | | Работни часови | Шифра на услугата |
|---|---|---|---|
| 1. | Сертификација на референтни материјали | | 81000 |
| 2. | Калибрација на еталони: | | |
| 2.1 | Гарнитура со тегови од Е2 класа 1mg-100g | 10 | 30011 |
| 2.2 | Гарнитура со тегови од Е2 класа 100g-5kg | 10 | 30012 |
| 2.3 | Гарнитура со тегови од Е2 класа 1mg-5kg | 20 | 30013 |
| 2.4 | Тегови од Е2 класа (поединечно) | 2 | 30014 |
| 2.5 | Гарнитура со тегови од F1/F2 класа 1mg-100g | 0.5 h по парче | 30015 |
| 2.6 | Гарнитура со тегови од F1/F2 класа 100g-5kg | 1h по парче | 30016 |
| 2.7 | Гарнитура со тегови од M1 класа 1mg-100g | 0.25 h по парче | 30017 |
| 2.8 | Гарнитура со тегови од M1 класа 100g-5kg | 0.5 h по парче | 30018 |
| 2.9 | Тегови од F1 и M1 класа (поединечно) | 1 | 30019 |
| 2.10 | Вага за манометри (Dead Weight Tester) | 40часа/клип. за секој нареден клип плус 30часа | 30020 |
| 2.11 | Стандардни платиниумски отпорнички термометри, SPRT | | |
| | - во фиксни точки Hg, H2O, Ga, In, Sn, Zn | 5 часа/точка | 30021 |
| | - во фиксни точки Al-Ag<br>- со споредба | 7 часа/точка | 30022 |
| 2.12 | Стандардни платиниумски отпорнички термометри, SPRT во три точки, со споредба | 8 часа, за секоја дополнителна точка плус 2 часа | 30023 |
| 2.13 | Отпорнички термометри | 6. за секоја дополнителна точка +2 часа | 30024 |
| 2.14 | Градуирано лабораториско стакло (класа А) до 1 L | 2 | 30025 |
| 2.15 | Градуирано лабораториско стакло (класа А) над 1L | 3 | 30026 |
| 2.16 | Градуирани мензури до 100 L | 4 | 30027 |
| 2.17 | Градуирани мензури над 100 L | 8 | 30028 |
| 2.18 | Дигитални мултиметри со 7.5 дигити (опции: DC напон, AC напон, DC струја, AC струја и отпор) | 5 часа за една опција и за секоја наредна опција плус 2 часа | 30029 |
| 2.19 | Дигитални мултиметри со 8.5 дигити (опции: DC напон, AC напон, DC струја, AC струја и отпор) | 6 часа за една опција и за секоја наредна опција плус 2 часа | 30030 |
| 2.20 | Калибратори за DC напон со мерна грешка помала од 60ppm | 5 | 30031 |
| 2.21 | Калибратори за DC струја со мерна грешка помала од 100 ppm | 5 | 30032 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.22 | Калибратори за AC напон со мерна грешка помала од 400 ppm | 5 | 30033 |
| 2.23 | Калибратори за AC струја со мерна грешка помала од 700 ppm | 5 | 30034 |
| 2.24 | Калибратори за отпор со со мерна грешка помала од 100 ppm | 5 | 30035 |
| 2.25 | Ареометри:<br>Класа L50<br>Класа M50<br>Класа M100<br>Класа S50 | 1 | 30036 |
| 2.26 | Одредување густина на тврди тела/течности | 1,5 | 30037 |
| 2.27 | Мерни блокови (Gauge blocks) до 100mm | | |
| | - класа K и 0 | 1 | 30038 |
| | - класа I | 0,5 | 30039 |
| 2.28 | За меѓулабораториска споредба со Лаборатории на БМ | 24/учесник | 30040 |

Напомена: За повторена калибрација во рок од 3 месеци од последната калибрација, надоместокот се намалува за 50%.

**3.** Калибрација на мерила и мерна опрема:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.1 | Аналитички ваги | | |
| | - Линеарност во 5 точки | 3 | 30101 |
| | - Линеарност во 10 точки | 4 | 30102 |
| 3.2 | Градуирано лабораториско стакло (класа B) до 1 L | 2 | 30103 |
| 3.3 | Градуирано лабораториско стакло (класа B) над 1L | 3 | 30104 |
| 3.4 | Автоматски пипети со фиксна зафатнина | 2 | 30105 |
| 3.5 | Автоматски пипети со променлива зафатнина | 4 | 30106 |
| 3.12 | Водомери | 2 | 30107 |
| 3.13 | Мерила за проток на течности | 4 | 30108 |
| 3.14 | Шублери | | |
| | - до 50mm | 0,5 | 30110 |
| | - до 150mm | 1 | 30111 |
| 3.15 | Микрометри | | |
| | - до 50mm | 0,5 | 30112 |
| | - до 150mm | 1 | 30113 |
| 3.16 | Мерни ленти и линијари (летви), до 5m | | |
| | - класа I | 1,5 | 30114 |
| | - класа II | 1 | 30115 |
| 3.17 | Агол (0°-360°) за либела и агломер | 1 | 30116 |
| 3.18 | Манометри: | | |
| | Класа 0,1 | 3 | 30117 |
| | Класа 0,2 | 3 | 30118 |
| | Класа 0,3 | 3 | 30119 |
| | Класа 0,6 | 3 | 30120 |
| | Класа 1,0 | 3 | 30121 |
| 3.19 | Манометри: | | |
| | Класа 1,6 | 2 | 30122 |
| | Класа 2,5 | 2 | 30123 |
| | Класа 4,0 | 2 | 30124 |
| 3.20 | Дигитални термометри | 3, за секоја дополнителна точка +1 час | 30125 |
| 3.21 | Стаклени термометри | 3, за секоја дополнителна точка +1 час | 30126 |
| | | 4, за секоја | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - со подобра резолуција | дополнителна точка +1 час | 30127 |
| 3.22 | Платиниумски отпорнички термометри во три точки. PRT | 5 часа, за секоја дополнителна точка плус 2 часа | 30128 |
| 3.23 | Дигитални мултиметри со 3.5 дигити | 4 | 30129 |
| 3.24 | Дигитални мултиметри со 4.5 дигити | 5 | 30130 |
| 3.25 | Дигитални мултиметри со 5.5 дигити (опции: DC напон. AC напон. DC струја. AC струја и отпор) | 3 часа за една опција и за секоја наредна опција плус 1 час | 30131 |
| 3.26 | Дигитални мултиметри со 6.5 дигити (опции: DC напон. AC напон. DC струја. AC струја и отпор) | 4 часа за една опција и за секоја наредна опција плус 1час | 30132 |
| 3.27 | Калибратори за DC напон со мерна грешка поголема од 60 ppm | 3 | 30133 |
| 3.28 | Калибратори за DC струја со мерна грешка поголема од 100 ppm | 3 | 30134 |
| 3.29 | Калибратори за AC напон со мерна грешка поголема од 400 ppm | 3 | 30135 |
| 3.30 | Калибратори за AC струја со мерна грешка поголема од 700 ppm | 3 | 30136 |
| 3.31 | Калибратори за отпор со мерна грешка поголема од 100ppm | 3 | 30137 |
| 3.32 | Осцилоскопи со ширина на опсег помала или еднаква на 60 MHz | За еден канал 4 часа за секој нареден плус 2 часа | 30138 |
| 3.33 | Осцилоскопи со ширина на опсег од 60 MHz до 500 MHz | За еден канал 5 часа за секој нареден плус 2 часа | 30139 |
| 3.34 | Осцилоскопи со ширина на опсег поголема од 500 MHz | За еден канал 6 часа за секој нареден плус 3 часа | 30140 |
| 3.35 | Мерила за мерење на отпор на заземјување со метод на четири сонди | 2 | 30141 |
| 3.36 | Мерила за мерење на отпор на заземјување со метод на четири сонди и струјни мерни клешти | 3 | 30142 |
| 3.37 | Уреди за тестирање на електрична инсталација<br>– отпор на заземјување со метод на четири сонди<br>– отпор на заземјување со една и две струјни клешти<br>– отпорност на изолација<br>– RCD опции<br>– отпорност/импеданса на јамка и на линија<br>– контактен напон<br>– континуитет<br>– анализа на хармоници<br>– моќност и енергија | 2 часа за една опција и за секоја наредна плус 1 час | 30143 |
| 3.38 | Испитување на броила за електрична енергија класа 1 и 2 според стандардот IEC 62053-21 | 3 | 30144 |
| 3.39 | Испитување на броила за електрична енергија класа 0,2 и 0,5 според стандардот IEC 62053-22 | 6 | 30145 |
| 3.40 | Дигитални мерачи на густина/концентрација | 1 | 30146 |

Напомена: За повторена калибрација во рок од 3 месеци од последната калибрација, надоместокот се намалува за 50%.

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | Консалтинг и обука | 81500 |
| **5.** | Сертификација на опрема и уреди што не потпаѓа под другите точки (при увоз на мерила) за наведените износи на опремата и уредите (во евра): | 81600 |

| | |
|---|---|
| 1 000 | 1 |
| 2 000 | 2 |
| 3 000 | 3 |
| 4 000 | 4 |
| 5 000 | 5 |
| 10 000 | 6 |
| 30 000 | 7 |
| 50 000 | 8 |
| 70 000 | 9 |
| 100 000 | 10 |
| 500 000 | 11 |
| 1 000 000 | 12 |
| 2 000 000 | 13 |
| 5 000 000 | 14 |
| 10 000 000 | 15 |
| Над 10 000 000 | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Дисеминација на единицата за време | 81700 |
| 7. | Испитување на тип на мерило | 81800 |

## ГЛАВА V

## ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТА НА ТИП НА МЕРИЛО И/ИЛИ ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ НА ТИП НА МЕРИЛО СО СУШТЕСТВЕНИТЕ БАРАЊА

| | МЕРИЛО | Работни часови | Шифра на услугата |
|---|---|---|---|
| 1. | Сложен мерен систем составен од две и повеќе *поединечни мерила кои подлежат на засебни* одобрувања на тип | 100 | 20011 |
| 2. | *Сложено мерило составено од два и повеќе* поединечни *мерни склопови кои може да* подлежат *на засебни одобрувања на тип* | 50 | 20012 |
| 3. | Одобрување на самостојно мерило без посебни додатни склопови | 35 | 20013 |
| 4. | Едноставни мерила – материјализирани мери | 10 | 20016 |

Напомена: За проширување –дополнение на тип на мерило и продолжување на важноста на одобрението на тип на мерило се наплатува 30% од вредноста за одобрување на тип на мерило дадена во оваа глава.

## ГЛАВА VI

## ВЕРИФИКАЦИЈА НА МЕРИЛА ШТО НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ГЛАВА 1

| Ред. бр | МЕРИЛО | Работни часови | Шифра на услугата |
|---|---|---|---|
| 1 | Сложен мерен систем составен од две и повеќе *поединечни мерила кои имаат засебни одобрувања* на тип | 50 | 20101 |
| 2 | *Сложено мерило составено од два и повеќе* поединечни *мерни склопови кои имаат засебни* одобрувања на тип | 25 | 20102 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Самостојно мерило без посебни додатни склопови | 10 | 20103 |
| 4 | Едноставни мерила – материјализирани мери | 1 | 20104 |

## ГЛАВА VII

## НАДЗОР НАД ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ВО ПОСТАПКА ПРИ ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА

| Ред. бр | ИНСПЕКЦИСКО ТЕЛО ЗА | Работни часови | Шифра на услугата |
|---|---|---|---|
| 1 | Периодична и/или вонредна верификација на две и повеќе категории мерила | 50 | 40011 |
| 2 | Периодична и/или вонредна верификација на една категорија мерила | 30 | 40012 |
| 3 | Прва верификација на две и повеќе категории мерила кај производител | 25 | 40013 |
| 4 | Прва верификација на една категорија мерила кај производител | 15 | 40014 |
| 5 | Метролошки надзор над количините и ознаките на пакуваните производи | 40 | 40015 |

---

**2348.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), и член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2006 и 107/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.09.2010 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО МАЈНЦ

1. Владата на Република Македонија за Почесен конзул на Република Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Мајнц го именува:

- Мирче Филипоски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 101/1
7 септември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**2349.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 10/10) и член 2 од Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Санија Бурагева од Министерството за внатрешни работи се разрешува од должноста член на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, поради заминување во пензија.

Светлана Гелева од Министерството за надворешни работи се разрешува од должноста член на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, поради заминување на работа на друго работно место.

Член 2

За членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија се именуваат:

- Влатко Георгиевски, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција;
- Гоце Бачанов, помошник на директорот во Центарот за обука во Биро за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи;
- Феми Рамадани, виш инспектор во Регионален центар за гранични работи Север во Бирото за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи и
- Оливер Крлиу, државен советник во Министерството за надворешни работи.

Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-4951/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2350.**

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008 и 10/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛ, ЗАМЕНИК-РАКОВОДИТЕЛ, СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

1. Во Решението за именување на раководител, заменик – раководител, секретар и членови на Координативното тело за интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2007, 116/2007, 32/2008, 3/2009, 32/2009 и 46/2010), во точката 1, потточка в) алинеја 1 се менува и гласи:

„ – Елизабета Чингаровска, директор на Државниот пазарен инспекторат при Министерството за економија“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-4962/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2351.**

Врз основа на член 7, став 4 од Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 10/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.09.2010 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА КООРДИНАТОР, ЗАМЕНИК – КООРДИНАТОР, СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

1. Во Решението за именување на координатор, заменик – координатор, секретар и членови на Координативното тело за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2010), во членот 1, став 2, потточка а) алинеја 1 се менува и гласи:

– „Елизабета Чингаровска, директор на Државниот пазарен инспекторат.“

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-5054/1
7 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2352.**

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2005, 137/2007 и 91/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.08.2010 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2010 ГОДИНА

1. Во Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2010, 44/2010 и 99/2010), во точката 1 во потточката под реден број 1.5 износот “1.000.000,00“ се заменува со износот “3.000.000,00“.

Во потточката под реден број 1.8 Изработка на урбанистичко планска документација за урбанизација на локалитет помеѓу Миладиновце и Свети Николе, износот “8.500.000,00“ се заменува со износот “5.000.000,00“.

Потточката број 1.8 Изработка на Урбанистичко планска документација за комерцијални и инфраструктурни објекти на коридор 8 и коридор 10 и на други патишта 2.800.000,00 денари, се менува и гласи:

„1.9 Изработка на Урбанистичко планска документација за комерцијални и инфраструктурни објекти на коридор 8 и коридор 10 и на други патишта
2.000.000,00 денари“.

Потточката број 1.9 Изработка на Урбанистичко планска документација за трговски центри на гранични премини 1.500.000,00 денари, се менува и гласи:

„1.10 Изработка на Урбанистичко планска документација за трговски центри на гранични премини
500.000,00 денари“.

Во потточката под реден број 1.11 износот “2.200.000,00“ се заменува со износот “2.800.000,00“.

По потточката под реден број 1.11 се додаваат три нови потточки 1.12, 1.13 и 1.14 кои гласат:

1.12 Изработка на урбанистичко планска документација за локалитети со извори на геотермални води
1.500.000,00 денари.

1.13 Изработка на Генерален урбанистички план за Град Скопје 200.000,00 денари.

1.14 Изработка на урбанистичко планска документација на подрачје на Фабрика Охис 1.000.000,00 денари.

Под "Вкупно" износот "9.000.000,00" се заменува со износот "23.000.000,00".

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-4870/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2353.**

Врз основа на член 5 став 7 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007, 88/2008, 52/2009 и 6/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.09.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЕНЕРГЕТСКИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ЗА 2010 ГОДИНА

I

Во Програмата за детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2010), во делот II став 1 зборовите: „30.247.800,00 (триесет милиони двеста четириесет и седум илјади и осумсто денари)" се заменуваат со зборовите: „8.557.056,00 (осум милиони петсто педесет и седум илјади и педесет и шест денари)", а точката од крајот на реченицата се брише, и се додаваат зборовите: „и ставка 426 – Други тековни расходи".

Во табелата под реден број 1 износот „3.000.000,00" се заменува со износот „2.950.000,00".

Износот во реден број 2 "300.000,00" се заменува со износот "169.920,00".

Редниот број 3 се менува и гласи:

| Реден број | Вид позиција | Износ |
|---|---|---|
| 3 | Објава на оглас за избор на најповолен понудувач за изработка на Главен рударски проект за експлоатација на јаглен од јагленовото наоѓалиште "Неготино" – Неготино и рецензија на Главниот рударски проект за експлоатација на јаглен од јагленовото наоѓалиште "Неготино" – Неготино" | 100.000,00 |

Редните броеви 4, 5 и 6 се бришат.

Редниот број 7 станува реден број 4.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-4936/1
7 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2354.**

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007, 88/2008, 52/2009 и 6/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.09.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2010 ГОДИНА

I

Во Програмата за основни геолошки истражувања за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2010), во делот II став 1 зборовите: „29.752.200,00 (дваесет и девет милиони седумсто педесет и две илјади и двеста денари)" се заменуваат со зборовите: „28.232.944,00 (дваесет и осум милиони двеста триесет и две илјади деветсто четириесет и четири денари)".

Во точката 14, износот „12.583.180,00" се заменува со износот „11.063.924,00".

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-4937/1
7 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2355.**

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/2009 и 95/2010) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.09.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2010 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој во 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/2010) во член 2 во табелата во редот "вкупно средства " износот "130.000.000" се заменува со износот "102.000.000", во точка 2. потточка 2.1 износот "79.660.000" се заменува со износот "60.060.000", во потточка 2.2 износот "22.760.000" се заменува со износот "17.160.000", во потточка 2.3 износот "11.380.000" се заменува со износот "8.580.000".

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-4997/1
7 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**2356.**

Врз основа на член 14 став 5 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09 и 114/09) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.08.2010 година донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

I. Во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 06/10, и 38/10), во делот II. ПРИХОДИ, во точка 1. износот "2.887.969.000" се заменува со износот "2.346.000.000".
Во точка 2. износот "660.000.000" се заменува со износот "600.000.000".
Во точка 3. износот "1.230.000.000" се заменува со износот "1.167.050.000".
Во точка 4. износот "70.000.000" се заменува со износот "130.000.000".
Во вкупно I. износот "4.847.969.000" се заменува со износот "4.243.050.000".
Во точка 5. потточка 5.1. износот "1.200.000.000" се заменува со износот "1.080.000.000".
Во потточка 5.2. износот "500.000.000" се заменува со износот "100.000.000".
Во вкупно II. износот "1.700.000.000" се заменува со износот "1.180.000.000".
Во вкупно приходи I. + II. износот "6.547.969.000" се заменува со износот "5.423.050.000".

II. Во делот III. РАСХОДИ, износот "6.547.969.000" се заменува со износот "5.423.050,000".
Во пододделот III.1. Потпрограма 10 АДМИНИСТРАЦИЈА износот "59.560.000" се заменува со износот "56.000.000".
Во точка 1. износот "31.160.000" се заменува со износот "30.600.000".
Во точка 2. износот "24.400.000" се заменува со износот "23.800.000".
Во точка 3. износот "4.000.000" се заменува со "1.600.000".
Во пододделот III.2. Потпрограма 2А ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА, износот "4.334.090.000" се заменува со износот "3.490.751.456".
Во точка 1. износот "1.700.000.000" се заменува со износот "1.180.000.000".
Во потточка 1.1. износот "200.000.000" се заменува со износот "180.000.000".
Во потточка 1.2. износот "1.000.000.000" се заменува со износот "900.000.000".
Во потточка 1.3. износот "500.000.000" се заменува со износот "100.000.000".
Во точка 2. износот "314.000.000" се заменува со износот "210.000.000".
Во потточка 2.1. износот "44.000.000" се заменува со износот "30.000.000".
Во потточка 2.2. износот "180.000.000" се заменува со износот "162.000.000".
Во потточка 2.3. износот "90.000.000" се заменува со износот "18.000.000".
Во точка 3. износот "1.350.090.000" се заменува со износот "889.090.000".
Во потточка 3.1. износот "250.000.000" се заменува со износот "180.000.000".
Во потточка 3.2. износот "190.000.000" се заменува со "70.000.000".
Во потточка 3.3. износот "150.000.000" се заменува со "90.000.000".
Во потточка 3.4. износот "150.000.000" се заменува со "5.000.000".
Во потточка 3.5. износот "150.090.000" се заменува со "125.090.000".
Потточката 3.6. се брише.

Во потточка 3.7. која станува потточка 3.6. износот “160.000.000” се заменува со “150.000.000”.

Во потточка 3.8. која станува потточка 3.7. износот “70.000.000” се заменува со “118.000.000”.

Потточките 3.9., 3.10., 3.11. и 3.12. се бришат.

Во потточка 3.13. која станува потточка 3.8. износот “30.000.000” се заменува со износот “15.000.000”.

Во потточка 3.14. која станува потточка 3.9. износот “10.000.000” се заменува со износот “8.000.000”.

Во потточка 3.15. која станува потточка 3.10. износот “30.000.000” се заменува со износот “5.000.000”.

Потточката 3.16. се брише.

Во потточка 3.17. која станува потточка 3.11. износот “30.000.000” се заменува со износот “73.000.000”.

Во потточка 3.18. која станува потточка 3.12. износот “60.000.000” се заменува со износот “50.000.000”.

По точка 5.се додава нова точка 6. која гласи:

| | |
|---|---|
| “6. Расходи за студии, проектирање, надзор, провизии, материјални и други трошоци | 241.661.456 |
| 6.1. Подготовка на проекти и физибилити студии | 175.000.000 |
| 6.2. Надзор на изградба на патишта | 60.000.000 |
| 6.3. Материјални и други трошоци и услуги | 6.661.456” |

Во пододделот III.3. Потпрограма 20 ПАТИШТА износот “2.154.319.000” се заменува со износот “1.876.298.544”.

Во точка 6. која станува точка 7. износот “200.000.000” се заменува со износот “80.833.857”.

Во точка 7. која станува точка 8. износот “530.000.000” се заменува со износот “413.435.687”.

Во потточка 7.1. која станува потточка 8.1. износот “315.000.000” се заменува со износот “289.138.864”.

Во потточка 7.2. која станува потточка 8.2. износот “120.000.000” се заменува со износот “85.849.310”.

Во потточка 7.3. која станува потточка 8.3. износот “95.000.000” се заменува со износот “38.447.513”.

Во точка 8. која станува точка 9. износот “330.000.000” се заменува со износот “300.000.000”

Во точка 9. која станува точка 10. износот “993.900.000” се заменува со износот “974.610.000”

Во потточка 9.1. која станува потточка 10.1. износот “735.000.000” се заменува со износот “729.210.000”.

Во потточка 9.2. која станува потточка 10.2. износот “258.900.000” се заменува со износот “245.400.000”.

Во точка 10. која станува точка 11. износот “100.419.000” се заменува со износот “107.419.000”.

Во вкупно расходи (III.1. + III.2. + III.3.) износот “6.547.969.000” се заменува со износот “5.423.050.000”.

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-5028/1
30 август 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**2357.**

Врз основа на член 46 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/2009 и 95/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.09.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2010 ГОДИНА

### Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој во 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/2010), во членот 1 износот "116.000.000 денари" се заменува со износот "96.000.000 денари".

### Член 2

Во членот 2 табелата се заменува со нова табела која гласи:

| Намена | Вкупно денари |
|---|---|
| 1. Неповратно учество во финансирање проекти во планските региони | **58.100.000** |
| 2. Неповратно учество во финансирање проекти во подрачјата со специфични развојни потреби | **16.600.000** |
| 3. Неповратно учество за финансирање проекти за развој на селата | **8.300.000** |
| 4. Исплата на средства за плаќање на придонесите за ПИО и ЗО за лица кои имаат стекнато право на плаќање | **10.000.000** |
| 5. Исплата на средства за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити | **3.000.000** |
| **Вкупно:** | **96.000.000** |

### Член 3

Во членот 3 износот "67.200.000 денари" се заменува со износот "58.100.000 денари".

### Член 4

Во членот 4 износот "19.200.000 денари" се заменува со износот "16.600.000 денари".

**Член 5**

Во членот 5 износот “9.600.000 денари” се заменува со износот “8.300.000 денари”.

**Член 6**

Во членот 6 износот “15.000.000 денари” се заменува со износот “10.000.000 денари”.

**Член 7**

Во членот 7 износот “5.000.000 денари” се заменува со износот “3.000.000 денари”.

**Член 8**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-5067/1
7 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**2358.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.09.2010 година, донесе

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА 2011 - 2021

## ВОВЕД

Република Македонија од осамостојувањето во 1991 година до денес презема активности за создавање на современ, стабилен и функционален систем на социјална заштита кој ќе одговори на новите потреби на корисниците. Системот на социјална заштита наследен од поранешна Југославија се прилагоди на новиот општествен контекст и новосоздадените социјални проблеми кои ги наметна периодот на транзицијата. Имено, во тој период се зголеми невработеноста, опадна животниот стандард, се намали бруто домашниот производ и се зголеми социјалната ранливост на голем број граѓани кои беа директно погодени од трансформацијата на социо-економскиот систем во процесот на приватизација на општествениот капитал и другите општествени случувања. Ваквата состојба ја наметна потребата за спроведување на низа реформски процеси во областа на социјалната заштита, како и усвојување на нови принципи и методи на работа.

Основна насока во развивањето на системот за социјална заштита во Република Македонија даваат и базичните меѓународни документи, како што се Универзалната декларација за човековите права, Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, Конвенцијата против тортура и други свирепи, нечовечки или понижувачки постапувања или казнување, Конвенцијата за правата на детето и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Исто така, Република Македонија како земја членка на Организацијата на обединети нации - ООН има обврска при планирањето на политиките да се раководи од милениумските развојни цели и да ги земе во предвид документите усвоени на конференциите на ООН во насока на постигнување на глобално утврдените социјални цели: Декларацијата од Рио Де Женеиро и Агенда 21 од Конференцијата за заштита на животната средина и развој на ООН (UNCED), Декларацијата од Копенхаген и Програмата за акција усвоени на Светскиот самит за социјален развој, Милениумската декларација на ООН произлезена од Милениумскиот самит на Генералното собрание на ООН, Декларацијата од Јоханесбург и Планот за имплементација од Светскиот самит за одржлив развој.

Република Македонија како членка на Советот на Европа ги дели и неговите заложби за обезбедување на адекватно ниво на социјална заштита, особено за најранливите категории на граѓани. Во таа смисла, утврдувањето на правците на развој на социјалната заштита и спроведувањето на реформските процеси е директно условено од

обврските и стандардите поставени со Европската социјална повелба и дополнителните протоколи.

Создавањето на современ систем на социјална заштита кој ќе одговори на предизвиците на новото време истовремено е во согласност со јасно зацртаните цели на Република Македонија за членство во Европската унија. Процесот на европска интеграција налага хармонизација на законодавството во оваа област, промовирање на принципите на доброто управување, пренесување на добрите европски практики и стандарди. Иако европските искуства покажуваат голема разновидност на традиции на полето на социјалните услуги, во однос на начините на финансирање, регулирање, управување, структуирање, организирање и раководење, сите европски земји делат иста визија и принципи на системот на социјална заштита. Република Македонија и во досегашните реформски процеси се раководела од овие насоки, водејќи притоа сметка за реалниот социо-економски контекст, потреби и можности. Во таа смисла, ги усогласува своите стратешки документи со стандардите поставени во: Повелбата за основните права на Европската унија, директивите 2000/43/ЕС, 2000/78/ЕС, 2004/113/ЕС со кои се забранува дискриминаторско постапување и се промовира правото на еднаков третман, како и Стратегијата за модернизација на социјалната заштита. Во оваа насока, сите стратешки документи од областа на социјалната заштита се усогласуваат со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и Акцискиот план за европско партнерство.

Врз основа на сите горенаведени документи, Република Македонија во изминатиов период се фокусира на создавање на стабилна нормативна рамка која ќе обезбеди ефикасна заштита на социјалните права на граѓаните и релизација на уставната определба на Република Македонија како социјална држава. Бидејќи се работи за комплексна област, во која се испреплетени повеќе аспекти на политиката и различни нивоа и актери на обезбедување на услуги, легислативата ги опфаќа следниве прописи: Закон за социјалната заштита, Закон за семејството, Закон за заштита на децата, Закон за малолетничка правда, Закон за еднакви можности на мажите и жените, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Закон за локална самоуправа, Закон за установи, Закон за здруженија на граѓани и фондации, Закон за јавно-приватни партнерства и концесии, Закон за општа управна постапка и Закон за јавни службеници. Во изминатиов период усвоени се или се во фаза на усвојување низа стратешки документи, во кои се дефинирани дел од целите за развој на социјалната заштита кои се земени во предвид при подготовка на оваа програма: Национален план за акција за родова рамноправност, Национална стратегија за вработување-2010, Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011, Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008-2015, Национална стратегија за деинституционализација 2008-2018, Програма за социјална инклузија, Акционен план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија, Национална стратегија за домување, Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018 година, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија и Национална стратегија за стари лица.

Сите овие документи наметнуваат потреба системот за социјална заштита континуирано да се зајакнува и унапредува, како и потреба од стратешко планирање на идните активности во оваа сфера. Во оваа насока, согласно со Законот за социјална заштита, Владата на Република Македонија пристапи кон изготвување на Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развој на социјалната заштита, на граѓаните на Република Македонија, со мерки на активна социјална политика, на среден (до 5 години) и долг рок (до 10 години).

## I. АНАЛИЗА НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА ВО ДОМЕНОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

### 1. ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Социјалната заштита на граѓаните државата ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност. Таа го воспоставува системот на социјална заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош. Како носители на социјалната заштита се јавуваат Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.

Социјалната заштита се утврдува како дејност од јавен интерес. Таа се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Системот се остварува преку стручна работа во установите за социјална заштита, спроведување на развојни програми, стручно усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди, следење на појавите и планирање на работата, водење на евиденција, како и преку спроведување на надзор и истражувачка работа во оваа област. Покрај мерките за социјална заштита на граѓаните, грижата на државата за спречување на настанување на социјален ризик се остварува и преку преземање на мерки во даночната политика, вработувањето, политиката за стипендирање, домување, заштита на семејството, здравство, воспитание и образование и во други подрачја во согласност со закон.

Централна институција која врши креирање на политика, стратешко планирање, управување, како и надзор над законитоста, особено преку инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита е Министерството за труд и социјална политика. Установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности е ЈУ Завод за социјални дејности, која во својата надлежност го има и надзорот над стручната работа над установите во социјална заштита како и над други правни и физички лица, кои вршат определени работи во социјалната заштита. За остварување на системот на социјална заштита се основаат установи за социјална заштита (центри за социјална работа - ЦСР и социјални установи за вонинституционална и институционална заштита). ЦСР-и се основаат

како јавни установи со јавни овластувања за вршење на работите од областа на социјалната заштита. Тие се одговорни за администрација на социјалните парични надоместоци и за обезбедување на социјални услуги.

Владата на Република Македонија донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните, со мерки на активна социјална политика, на среден и долг рок. Во согласност со оваа програма, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Согласно со Законот за социјалната заштита општините може со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита.

Здружение на граѓани кое е воведено во регистарот што го води МТСП и физичкото лице кое има дозвола за работа издадена од министерот за труд и социјална политика, можат да вршат работи од областа на социјалната заштита, под услови, на начин и постапка утврдени со Законот за социјална заштита. Верските заедници, религиозните групи и нивните здруженија кои се регистрирани во Република Македонија, можат да им помагаат на лицата кои имаат потреба од одделни видови на социјална заштита. За остварување на системот на социјалната заштита, покрај јавните се основаат и приватни установи за социјална заштита.

## 2. ФАЗИ ВО ДОСЕГАШНИОТ РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Системот на социјална заштита во Република Македонија од осамостојувањето до денес помина низ три развојни фази.

**Прва фаза** која го опфати периодот од 1992 до 1996 година претставува фаза на основање на нов систем на социјална заштита во согласност со новиот уставен поредок на Република Македонија. Во овој период, како резултат на зголемувањето на стапката на невработеност и сиромаштија фокусот се става на прилагодување на законската регулатива, вклучување на социјалниот аспект во политиките за борба против сиромаштијата и обезбедување на целосна покриеност на социјалните права. Во Македонија уште во 1992 година беше утврдено социјално-заштитно ниво за сите граѓани како минимум социјална сигурност за едно домаќинство и правото за надоместок до висина на социјално-заштитно ниво како посебен вид на социјална помош. Ова право на социјална заштита се заснова на тогашниот Закон за социјална заштита (усвоен 1978 година) и Програмата за социјално загрозено население која се донесува секоја година. Во 1992 година е усвоен Законот за семејство со кој се кодифицира семејното законодавство. Во 1996 година се утврди националната граница на сиромаштијата, со што се создадоа услови за регулирање на социјалната политика од макроекономска гледна точка. Нормативните активности во овој период беа поддржани и со јакнење на институционалните и човечките капацитети во ЦСР во чија реализација учествуваше Заводот за социјални дејности преку организација за

континуирани обуки. Во овој период започна соработката со УНИЦЕФ, УНХЦР и други донатори.

**Втората фаза** на институционален развој на системот, го опфаќа периодот од 1997-2002 година. Во овој период се донесе нов Закон за социјална заштита во 1997 година, со кој се воспостави нов систем на мерки и услуги за социјална заштита, и тоа: социјална превенција, институционална заштита, вонинституционална заштита и права на социјална помош. Покрај Законот од 1997 година, мерките за социјална заштита се прошириja на децата преку донесување на Законот за заштита на децата во 2000 година.

Во овој период, преку неколку проекти се работеше на развивање на капацитетите на установите за социјална заштита. Во 1998 година, започна со реализација проектот "Поддршка за унапредување на потенцијалите за социјален развој" финансиран од УНДП канцеларијата во Скопје, а реализиран од страна на Центарот за континуирано образование за социјален развој при Институтот за социјална работа и социјална политика. Основна цел на проектот беше зајакнување на вештините и капацитетите на вработените во установите за социјална заштита и во сродните институции, преку реализација на поголем број на едукации за современи пристапи и форми во стручната работа, одржани од домашни и странски експерти. Во периодот од јануари 2002 до декември 2003 година беше реализиран и проектот "Градење на капацитетот на институциите и развој на социјалната грижа и заштита" финансиран од ЕУ, а реализиран од Европската агенција за реконструкција. Проектот се состоеше од две компоненти: 1) Компонента која се однесува на МТСП и се состои од два дела: развој на политика и стратегија и организационо преструктуирање на МТСП и 2) Компонента која се однесува на ЦСР и установите за социјална заштита и опфаќа: институционална ревизија на ЦСР и УСЗ, обука и обезбедување на опрема. Општа цел на проектот беше да се обезбеди техничка помош на МТСП во креирањето на политиките за социјална грижа и заштита и извршувањето на неговите надлежности.

Во оваа фаза започна со реализација процесот на деинституционализација во областа на социјалната заштита преку развивање на формата на дневно згрижување на децата со инвалидност.

**Третата фаза** која е наречена фаза на реформи, започна во 2004 година. Во овој период фокусот се става на промените во политиката на планирање и управување, усвојување на современи принципи во социјалната заштита, како и поширока реориентација на националните режими за социјална сигурност кон обезбедување вработување, задоволување на потребите и социјално вклучување.

Најзначајните реформи беа воведени со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита во 2004 година, со што се означи почетокот на децентрализацијата во социјалната заштита. Мерките беа во насока на подобрување на услугите за социјална заштита на граѓаните, преку развивање на нови форми на центри за дневно и привремено згрижување на социјално исклучени лица, подобрување на згрижувањето на децата во згрижувачки семејства, јакнење на потенцијалот на биолошките семејства за грижа за своите членови со инвалидност, со што се овозможува користење на социјалните услуги во местото на живеење на корисниците. Со измените е дадена можност различни правни и физички

лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓани, да се јават како даватели на одредени социјални услуги. Сите овие измени беа во согласност со воведувањето на принципите на децентрализација, деинституционализација и плурализација во социјалната заштита.

Во текот на 2005 година, реформскиот процес продолжи со дополнување на одредбите на Законот за социјална заштита, со кои се воведе обврска за секој граѓанин да се грижи за задоволување на своите егзистенцијални потреби и за потребите на лицата кои е должен да ги издржува. Се воведе институтот надомест на штета од корисник кој неосновано примил средства по основа на остварено право од социјална заштита. Воведен е и инспекциски надзор над примената на законот над установите за социјална заштита, физичките и правните лица кои даваат услуги од социјална заштита. За лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа, државата се определи за нивна понатамошна заштита и помош, по нивното полнолетство, а најмногу до 26 годишна возраст. За оваа категорија корисници предвидено е остварување на право на паричен надоместок, здравствена заштита и правото на домување.

Обврските за усогласување на Законот за социјална заштита со прописите на ЕУ, се исполнети со измените и дополнувањето на овој Закон во почетокот на 2007 година. Нормативно се внесе забрана за дискриминација во оваа област. Се обезбеди остварување на правата од социјална заштита за лицата баратели на правото на азил, лицата со статус на признаен бегалец и на лицата под супсидијарна заштита, утврдени со Законот за азил и привремена заштита. Со овие измени и дополнувања на Законот за социјална заштита, се уреди правото на социјална парична помош за работно-способните граѓани, социјално необезбедени, по што престана да важи основата Владата на Република Македонија со Одлука поблиску да ги уредува условите, висината, начинот и постапката за остварување и користење на ова право.

Со измените и дополнувањето на Законот за социјална заштита во 2008 година се воведе ново право на паричен надоместок за мајка која родила четврто дете, во согласност со популационо-демографската политика во Република Македонија.

Во јуни 2009 година, донесен е нов Закон за социјална заштита, со кој се изврши редефинирање на системот и организацијата на социјалната заштита, како и правата, финансирањето и постапката за остварување на правата од социјална заштита. Износите на правата на парична помош се утврдени во номинален износ, а се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во месец јануари за тековната година, со што се воведува нов систем на корекции на висините на правата на парична помош од социјална заштита. Во делот на социјалните услуги, со овој пропис се овозможува:

- обезбедување на понатамошен развој на вонинституционалните социјални услуги, со воведување на ново право на самостојно живеење со поддршка и основање на мали групни домови;
- подобрување на стручната работа преку воведување на обврска за изготвување на индивидуален план за работа со корисникот, освен за корисниците на права на парична помош од социјална заштита;
- воведување на лиценцирање и континуирани обуки на стручните работници;

- проширување на плурализацијата со давање можност верските организации и религиозните групи да се вклучат во давањето на одредени социјални услуги;
- продолжување на процесот на децентрализација со давање можност општините да воведат и други права од социјална заштита, како и поврзување на локалните програми со Националната програма за развој на социјалната заштита;
- можност Владата на Република Македонија да донесува програми за мерки за субвенционирање на потрошувачката на енергија и други комунални услуги, условени парични надоместоци и други мерки.

## 3. ТЕКОВНИ ПРОЦЕСИ (ПРОЕКТИ)

Во моментот на изготвување на оваа програма при МТСП се реализираат неколку активности кои се од голема важност за целокупното подобрување на системот на социјална заштита. Најзначајни се проектот за условени парични трансфери и СПИЛ проектот, како и тековните активности поврзани со воведување на лиценцирањето во социјалната заштита.

Целта на *проектот за условени парични трансфери* (УПТ) чие завршување е планирано за 2014, е да ја подобри ефективноста и ефикасноста на мрежата на социјалната заштита во Македонија преку воведување на УПТ и подобрување на администрацијата, надзорот, мониторингот и евалуацијата на социјалните парични трансфери. Проектот се состои од следниве компоненти:

**Компонента 1: подобрување на човечкиот капитал преку парична помош:** Оваа компонента ќе ги поддржи активностите за спроведување на програма за УПТ за сиромашните семејства со деца на средношколска возраст. Преку оваа компонента ќе се финансира паричниот надоместок на домаќинствата, корисници на социјална парична помош чии деца посетуваат средно училиште. Овие домаќинства ќе имаат право на надоместоци од УПТ доколку нивните деца се запишани и посетуваат барем 85 проценти од часовите во средно образование. Оваа компонента исто така, ќе ги поддржи активностите за утврдување, развој и спроведување на можните проширувања на УПТ во областа на здравството, пазарот на работна сила и другите нивоа на образование.

**Компонента 2: зајакнување на администрирањето на мрежата на социјална заштита.** Цел на оваа компонента е зајакнување на ефикасноста и ефективноста на целокупната мрежа на социјална заштита преку:

- подобрување на информатичкиот систем за администрација на парични надоместоци;
- проценка на таргетирањето и подобноста во рамките на мрежата на социјална заштита како и нивно унапредување;
- подобрување на системот на евиденција на различни парични надоместоци со цел за да се подобри администрацијата и да се зголеми трошковната ефикасност;
- развој на системот и механизмите за надзор и контрола на имплементацијата на УПТ и другите социјални парични надоместоци;

- функционална анализа на ЦСР заради подобрување на администрацијата во ЦСР од аспект на нејзината ефикасност и ефективност;
- зајакнување на капацитетите на МТСП за управување со програмите;
- зајакнување на капацитетите на локално ниво, вклучувајќи ги и ЦСР.

Во насока на реализација на дел од предвидените активности Владата на Република Македонија донесе Програма за условени парични надоместоци за средно образование за учебната 2010-2011 година.

**Проектот за имплементација на социјалната заштита – СПИЛ** кој треба да се финализира во 2011 година, има за цел подобрување на ефективноста и ефикасноста на пензискиот систем и системот на социјална заштита. Тој се состои од следниве компоненти:

**Компонента 1: администрирање на пензискиот систем** - Оваа компонента ќе поддржува активности за подобрување на долгорочната стабилност на пензискиот систем.

**Компонента 2: поддршка на програмата за социјална заштита** - Воспоставување на интегриран информациски систем и развој на комуникациските врски помеѓу МТСП, ЦСР и другите институции во рамките на системот за социјална заштита, подобрување на администрирањето на социјалните парични надоместоци и нивно подобро таргетирање. При тоа, ќе се дефинираат целите на услугите на примарните програми за социјална заштита (социјалната помош, надоместок во случај на невработеност и детската заштита), ќе се изврши анализа на процедурите за остварување на одделните видови надоместоци и организациската структура на програмите за социјална заштита, како и поврзаноста меѓу главните носители во остварувањето на надоместоците.

**Зајакнување на системот на детска заштита.** Во рамките на соработката помеѓу МТСП и УНИЦЕФ, при ЈУ ЗСД во тек е реализацијата на проектот „Унапредување на стандардите за грижа на децата во системот на социјална заштита, согласно со ЕУ стандардите“ 2009-2011. Проектот се состои од следниве компоненти:

Компонента 1: Развој на протоколи за меѓуресорска соработка во доменот на малолетничката правда

Компонента 2: Злоупотребени деца, како резултат на разделувањето и разведувањето на родителите

Компонента 3: Ресурсен центар за деца во социјален ризик.

Заводот го развива Ресурсниот центар со база на податоци, со кој, преку индикаторите ќе обезбедува континуитет во следењето, како и увид во условеноста помеѓу квантитативно-квалитативните аспекти на појавите, проблемите и потребите во системот на социјалната заштита.

**Лиценцирање.** Во 2009 со Законот за социјална заштита се воведе систем на лиценцирање, но неговата имплементација е во почетна фаза. Постапката за издавање и одземање на лиценци за работа на стручните кадри ќе ја спроведе Комисија за лиценцирање при ЈУ Завод за социјални дејности, врз основа на општ акт подготвен од страна на министерот. ЈУ Завод за социјални дејности изготви Програма за лиценцирање, Кодекс на стручните работници, го предвиде форматот на лиценцата и начинот на водење на регистарот.

**Енергетска сиромаштија.** Со цел развивање на мерки за намалување на енергетската сиромаштија за најзагрозените категории граѓани, Владата на Република Македонија во јули 2010 година донесе

Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија, со која се предвидува остварување на паричен надоместок за покривање на дел од трошоците за потрошена енергија за корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош.

## 4. СЛАБОСТИ НА СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита е област која бара постојано прилагодување и адаптирање, како на потребите на корисниците, така и кон реалните можности на системот и на државата да ги остварува овие политики. Системот на социјална заштита во Република Македонија и покрај неговото реформирање во изминатиот период, се соочува со одредени пречки и слабости кои се одразуваат врз квалитетот на заштитата.

Капацитетите за креирање на политиката во доменот на социјалната заштита во Република Македонија се значително зајакнати споредено со периодот непосредно по осамостојувањето. Реформските процеси кои се одвиваа интензивирано во изминатите неколку години, а кои беа истакнати во претходното поглавје, се показател на напредокот во овој домен. Сепак, сеуште постои потребата од унапредување на капацитетите за креирање на политиката со цел ефикасно, ефективно, одржливо и транспарентно планирање. Имено, учеството на релевантните актери во креирањето на политиката дополнително треба да се зајакнува. Планирањето на мерките и промените недоволно е засновано на претходни евалуации, анализи и истражувања. Не се инвестира доволно во примарни истражувања кои би претходеле, би снабдувале со податоци за реалните потреби на граѓаните и би претставувале основа за креирањето на политиката. Анализите на состојбите и нивното долгорочно следење се дополнително отежнати и поради слабиот систем на менаџмент на податоци, поради кој не постои јасна и детална слика за состојбите во доменот на социјалната заштита во земјата. Единствените расположливи податоци се сведуваат на број на корисници и трошоци, додека податоци од аспект на индикаторите како возраст, национална припадност, степен на образование, работни вештини и искуство на корисниците на паричните надоместоци и услугите не постојат во интегрирана база на податоци.

Од аспект на имплементација на политиките пак, клучниот недостаток кој повеќе години наназад го привлекува вниманието на практичарите и креаторите на политиката и бил предмет на повеќе дебати се лоцира во поставеноста на системот кој продуцира доминантна работа на професионалните служби (пред се ЦСР) на остварувањето на права на парична помош од социјална заштита, и занемарување на социјалните услуги. Ова од причина што поголемиот дел од времето и активностите на стручните работници при ЦСР се апсорбирани од реализацијата на правата на парична помош, која е оптоварена со бројни, претежно административни задачи. Административните процедури за остварување на правата се комплексни, не обезбедуваат доволна транспарентност и партиципација на корисниците. Недостатокот на современи механизми на евиденција и мрежни дата бази за корисниците на правата на парична помош претставуваат дополнителни потешкотии за стручните работници. Во практиката се забележува поклопување и недостаток на одредени услуги кои треба да ги дава ЦСР до што доаѓа и поради парцијалниот пристап во идентификување на потребите на корисниците, но и поради нејасната

поделба на улогите и одговорностите и отсуство на меѓусистемска соработка со останатите релевантни институции и служби и непланскиот пристап во понудата на услугите. На сериозноста на проблемите со кои се соочуваат ЦСР укажува и слабата кадровска и техничка екипираност, несоодветното управување со човечките ресурси, како и недоволната и несистематска континуирана едукација.

Посебно внимание треба да се посвети и на развојот и унапредувањето на превенцијата и социјалните услуги. Социјалната превенција, која досега не била оспорувана и чијашто важност за спречување на појавата на социјалните проблеми отсекогаш била признавана од страна на креаторите на политика во Република Македонија, се уште не е доволно развиена. Се чини дека залагањата за социјална превенција се се уште само на ниво на наративни заложби, додека конкретни облици и форми преку кои би се реализирала се уште не се доволно застапени во практиката.

Што се однесува до институционалната заштита во Република Македонија, утврдена е потреба за подобрување на квалитетот на услугите, унапредување на стручната работа со корисниците на услугите и зајакнување на мрежата на установи, особено со фокус на алтернативните облици на заштита. Се добива впечаток дека во процесот на деинституционализација и фокусирање кон развивање на вонинституционалните облици на заштита, се занемарува вложувањето во институционалната заштита која како последно прибежиште е неопходен составен елемент на системот на социјална заштита. Подобрувањето на квалитетот на услугите во установите, хуманизација на условите за живот и трансформација на постоечките и воспоставување на нови современи облици на институционална заштита со значително помал капацитет отколку постоечките масовни институции, се клучните предизвици во овој домен.

За разлика од институционалната заштита, на вонинституционалната заштита е посветено поголемо внимание во процесот на реформирање на системот. Воведени се голем број форми на услуги за дневно и привремено згрижување за повеќе категории корисници. Сепак, во практиката фокусот е ставен пред се на формите кои ги таргетираат децата и лицата со инвалидност, за сметка на возрасните и старите лица. Обемот на постоечки услуги за овие категории на граѓани е недоволен, поради што останува потребата за натамошно развивање и збогатување на вонинституционалните услуги со нови форми. Поради ова, неопходно е да се работи и на развивање на мрежата на социјални услуги на локално ниво, преку зајакната соработката меѓу релевантните локални институции и организации, како и врз основа на реална и објективна проценка на потребите на локалното население. Невладините, верските, религиозните организации, како и приватниот сектор, се уште остваруваат незначителна улога во обликувањето на локалната мрежа на социјални услуги согласно со потребите на граѓаните. Во оваа насока, партнерството меѓу државниот и приватниот сектор (профитен и непрофитен), заради целите на достава на услугите, за која веќе е воспоставена основата со одредбите од Законот за социјална заштита, се уште недоволно се применува во практиката и треба натамошно да се прошири и зајакне во делот на имплементацијата. Воедно, за поуспешно и поквалитетно доставување на услугите потребно е да се

заокружи изработката на нормативи, стандарди и регулаторни механизми за давателите на услуги.

Исто така, постои недоволна и неадекватна поврзаност и соработка меѓу системот на социјална заштита и образовниот и здравствениот систем. Посебно внимание привлекува несоодветната поврзаноста меѓу секторите на вработување и социјална заштита. Таквата состојба придонесува кон пролонгирање на должината на користење на правото на социјална парична помош, пораст на бројот на долгорочните корисници и нивна натамошна пасивизација, наспроти активацијата и вклучувањето на пазарот на трудот како концепти кои од неодамна отворено се декларираат како едни од водечките насоки во развојот на социјалната заштита.

Земајќи ја во предвид оваа состојба, Програмата е изготвена со цел да одговори и да предложи решенија за надминување на постоечките идентификувани недостатоци во системот на социјална заштита во земјата.

## 5. ВИЗИЈА НА ПРОГРАМАТА

### 5.1. Приоритетни области и принципи

Актуелните промени во современото општество се одвиваат во правец на промовирање на се поголемо преземање индивидуална одговорност на граѓанинот и семејството за сопствениот живот, развој, напредок и сигурност. Во овој процес, заедницата е обврзана да им ја обезбеди на граѓаните соодветната поддршка. Системот на социјална заштита како основен столб на оваа поддршка за граѓаните кои се нашле во положба од социјален ризик треба да обезбеди разновидност на услуги со кои ќе се овозможи не само ублажување на последиците, туку и излез од настанатата состојба. Потребно е услугите да бидат лесно достапни, пристапни, да постои можност за избор согласно со потребите на граѓаните и дизајнирани така да граѓанинот како корисник на овие услуги да биде во фокусот на вниманието. Оваа цел може да се постигне преку широка и развиена мрежа на даватели на услуги на централно и локално ниво, преку активно вклучување на општините, невладините и верските организации како и приватната иницијатива.

Од корисниците на услугите во системот на социјална заштита се очекува покрај користењето на одредени услуги да ги јакнат своите и потенцијалите на семејството. Корисникот треба да учествува во процесот на заштита, да презема дел од конкретните активности, и одговорност за сопствената социјална сигурност.

За да може да се излезе во пресрет на овие промени од аспект на улогата и местото на корисникот во системот на заштита, потребно е да се постигне соодветен квалитет на стручната работа во ЦСР, како непосредни даватели на социјалните надоместоци и услуги. Во организационен и стручен поглед, во досегашниот период на развој на системот на социјална заштита се забележува доминантното настојување да се одговори на потребите на корисниците, пред се преку установите и службите во рамките на јавниот сектор и преку нормативната дејност. Постоечките услуги претежно се насочени кон идентификување и надминување на состојбата на лицата во положба на ризик без притоа да се земат во предвид нивните расположливи потенцијали и ресурси, со што се придонесува кон

создавање трајна зависност од службите за социјална заштита и кон општествена изолација и стигматизација на корисниците. Оттука, неминовна е потребата да се вложуваат напори за унапредување на квалитетот на услугите воопшто, што значи тие да бидат благовремени, ефикасни и ефективни, односно да ги произведуваат очекуваните и посакувани ефекти.

За унапредување на стручната работа потребно е давање на услуги кои се индивидуализирани и прилагодени на конкретните потреби на корисникот и семејството, што подразбира целосна, усогласена и благовремена проценка, со висок степен на учество на семејството и неговите членови, но и на други релевантни лица од животната средина на корисникот во проценката и планирањето на потребните интервенции. На корисниците им е потребна отворена и достапна интервенција, заснована на соодветна проценка и јасен план во кој се земени во предвид потенцијалите на семејството и неговите членови, како и нивна активна вклученост во подготовката и реализацијата на интервенциите. На ваков начин се зголемува и професионалната одговорност на стручните работници за резултатите од работата.

Во таа насока, за унапредување на системот на социјална заштита како клучни и приоритетни области во кои треба да се воведат промени се:

- постоечката структура на системот на социјална заштита;
- организацијата на работата во установите за социјална заштита;
- капацитетите во установите за социјална заштита;
- соработка и поврзаност на системот за социјална заштита со другите релевантни системи (пазар на труд, образование, здравство);
- социјални функции на општините;
- пристапите, формите, интервенциите и техниките за стручна работа во установите за социјална заштита;
- мерките, активностите и формите на социјалните услугите кои ги обезбедува државата (социјална превенција, права на парична помош од социјална заштита, институционална и вонинституционална заштита);
- јавно-приватното партнерство во креирање и имплементација на политики од областа на социјалната заштита;
- институциите за стручен и инспекциски надзор;
- континуирано професионално образование на стручните кадри во установите за социјална заштита;
- системот на лиценцирање и стандардизација.

Реформата на системот на социјална заштита се раководи од неколку основни принципи:

- владеење на правото
- отвореност и транспарентност
- одговорност и отчетност
- предвидливост и одржливост
- континуитет
- ефикасност, ефективност и економичност
- достапност и пристапност
- партиципација
- еднаков третман и недискриминација.

### 5.2. Цели на Програмата

**Основна цел** на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

**Посебни цели:**

- Реструктуирање на институционалната поставеност на системот на социјална заштита во насока на раздвојување на администрирањето на правата на парична помош и социјалните услуги.
- Внатрешна реорганизација на установите за социјална заштита заради оптимално користење на расположливите капацитети и унапредување на стручната работа.
- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали.
- Редефинирање на системот на парична помош во насока на: подобрено таргетирање, поефикасно администрирање и поврзување со други системи, пред се со системот на вработување.
- Развој на социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на локално ниво.
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување.
- Зголемување на квалитетот на услугите и создавање услови за намалување на зависноста од институционалната заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.
- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита.
- Унапредување на модалитетите за реализација на јавно-приватното партнерство во социјалната заштита.
- Воспоставување на организиран систем на управување со човечките ресурси и зајакнување на нивните капацитети.

# II. СТРАТЕШКИ ПРАВЦИ ЗА РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 1. СТРУКТУРА НА СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 1.1. Постоечка состојба

Структурата на системот на социјална заштита ја сочинуваат Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и мрежата на јавни и приватни установи за социјална заштита. Мрежата на јавни установи за социјална заштита ја сочинуваат 30 центри за социјална работа (ЦСР), 11 установи за социјална заштита и 33 центри за дневно и привремено

згрижување на корисници. Воспоставена е соработка за делумно финансирање на повеќе дневни центри (дневен центар за лица кои злоупотребуваат дрога во Струмица, дневен центар за деца на улица во Шуто Оризари, 6 дневни центри за возрасни лица со инвалидност). Воедно, отворени се и дневни центри за стари лица во Чашка и Богомила, а во постапка е и отворањето на дневни центри за стари лица во Самоков и Бучин. Во системот на социјална заштита регистрирани се приватни установи и тоа: СОС Детско село и два дома за стари лица.

Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје можат да основаат јавна установа за вонинституционална и институционална заштита врз основа на одобрение согласно со Законот за социјална заштита, освен центар за социјална работа и јавна воспитна установа за сместување деца и младинци со нарушено поведение. ЦСР е основна јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работи од социјална заштита, за подрачјето на една или повеќе општини.

ЦСР може да се основа доколку ги има задолжително најмалку следниве основни образовни профили: социјален работник, психолог, педагог и правник. Сепак, во практиката постои отстапување од оваа одредба. Во дел од ЦСР не постојат задоволителен број стручни профили, па дури ни минимумот кој е определен со закон. Во ваква ситуација, ЦСР понекогаш се отвораат со недоволно стручни кадри што се одразува врз квалитетот и стручноста во работењето, а пред се врз корисниците на услугите. Во рамките на ЦСР се основани повеќе центри за дневно и привремено згрижување на корисници.

Во ЦСР не постои униформност од аспект на принципите според кои е организирана нивната работа. Често се работи за комбинација на територијалниот и категоријалниот принцип. ЦСР во Република Македонија се претежно меѓуопштински центри, односно, стручните работници директно работат со корисниците на услуги од повеќе општини, во рамките на повеќе одделенија. Меѓуопштинскиот центар за социјална работа (МЦСР) во Скопје има поинаква организација на работата за разлика од другите ЦСР во Македонија. Во него функционираат вкупно 16 одделенија, од кои 7 работат по категоријален принцип, додека останатите работат на подрачјето на општините во Град Скопје (Аеродром, Бутел, Кисела Вода, Гази Баба, Чаир, Центар, Карпош, Шуто Оризари и Сарај), на територијален принцип и 6 дневни центри и 2 центри за привремено згрижување. За обезбедување на социјалните услуги не постојат дисперзирани оделенија, туку корисниците кои имаат потреба од нив, а живеат на било кој дел од територијата на Градот Скопје, истите ги добиваат во рамките на истиот објект. Таквата организација на работата на МЦСР во Скопје го отежнува пристапот на корисниците до социјалните услуги, ја усложнува стручната работа, се одразува врз нејзиниот квалитет и не овозможува сеопфатна покриеност на населението од сите општини со социјални услуги.

Постоечката организациона структура во другите ЦСР во Македонија, во рамките на кои не постои јасно разграничување на администрирањето на паричните надоместоци од социјалните услуги, води кон посветување на најголем дел од времето и кадрите на администрација на паричните надоместоци. Како резултат на ваквата состојба се запоставува доменот на социјалните услуги кои се во надлежност на ЦСР, поради тоа што стручните кадри флуктуираат од едно во друго одделение кога ќе се јави потреба за завршување на постапките поврзани со социјалните парични надоместоци.

Работата поврзана со паричните надоместоци во ЦСР во голема мера го апсорбира капацитетот на социјалните работници кои поради тоа не можат во соодветна мера да се посветат на стручна работа со останатите корисници на услугите. Од друга страна, се уште не е постигнато поедноставување на постапките за остварување на ова право што стручните кадри ги доведува во ситуација на административни работници.

Дополнителен проблем претставува и недостатокот на информатичка технологија, соодветен кадар, простор и опрема за стручна работа, како и застарената методологија на водење на писмена евиденција на корисниците. Сето тоа се одразува врз ефективноста и квалитетот на работа на ЦСР во реализацијата и на двете категории на права. Надминувањето на овие состојби ќе се постигне со имплементацијата на СПИЛ проектот, која е во тек.

Надзорот над законитоста на работата на ЦСР и другите установи за социјална заштита, како и воопшто надзорот над спроведувањето на Законот за социјална заштита, го врши МТСП. Секторот за социјална инспекција врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита, другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита како професионална дејност. Инспекцискиот надзор го вршат инспектори и други државни службеници во Министерството, овластени за спроведување на инспекцискиот надзор. Инспектор може да биде лице со висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство на работи во областа на социјалната заштита и да ги исполнува општите условите согласно со Законот за државни службеници.

Заводот за социјални дејности врши надзор на стручната работа во ЦСР, заради согледување, следење, контрола, увид и унапредување на начинот и квалитетот на стручната работа и ефикасноста во работењето, како и истражувачко развојна дејност. Надзорот од страна на Заводот за социјални дејности се врши не само врз центрите за социјална работа, туку и врз установите за социјална заштита и дневните центри, како и врз вршењето работи од социјална заштита на приватни правни и физички лица. Согласно со Законот за социјална заштита во вршењето на надзорот над стручната работа учествуваат стручни работници од областите кои се застапени во дејноста на установата за социјална заштита во која се врши надзорот. Стручните работници кои вршат надзор на стручната работа не можат да бидат со помал степен на стручна подготовка од степенот на стручната подготовка на работниците врз чија работа се врши надзорот. Поради недоволните финансиски и кадровски ресурси, надзорот и следењето на стручната работа од страна на ЗСД се ограничени.

И во однос на стручниот надзор и во однос на социјалната инспекција, постои потреба од ревидирање на постоечките критериуми со цел подобрување на ефикасаноста и квалитетот на надзорот.

И покрај законските можности за плурализација на давателите на услуги во системот на социјална заштита, нивното учество се уште е недоволно. Со донесувањето на Законот за локална самоуправа на општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје им беа доделени надлежности во областа на социјалната заштита. Започнувајќи од 2004 година, со измените на Законот за социјална заштита на општините им беше дадена можност за донесување на развојни програми за

специфичните потреби од социјална заштита на граѓаните од своето подрачје и можност за преземање на основачките права на центрите за дневно и привремено згрижување. Со Законот за социјалната заштита од 2009 година, утврдена е обврска за општините да изготвуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Меѓутоа, освен пренесувањето на постојните домови за стари лица, другите надлежности во областа на социјалната заштита не се реализираат во доволна мера. Вклучувањето на здруженија на граѓани во системот на социјална заштита се овозможи со законските измени во 2004 година. Со овие измени се овозможи здруженијата на граѓани да обезбедуваат социјални услуги за граѓаните со делумна финансиска подршка од МТСП преку објавување на јавни повици. Заради обезбедување на квалитет на услугите кои ги даваат здруженијата на граѓани предвидени се услови и критериуми коишто треба да ги исполнуваат, како би можеле да се воведат во регистарот на здруженија на граѓани кој се води во МТСП. По воведувањето на оваа можност, се започна со реализација на договорни услуги за одреден број на социјални услуги во реализација на здруженија на граѓани. И покрај можноста за развивање на приватната иницијатива во системот на социјална заштита, досега е забележан интерес само за приватни домови за стари лица.

### 1.2. Мерки, носители и рокови

### Цел 1. Реструктуирање на системот на социјална заштита

***Мерки:***

- Воспоставување на централна Агенција за социјални парични надоместоци (АСПН) како јавна установа која ќе врши стручни, организациски, административни и други работи што се однесуваат на социјалните парични надоместоци.

*Носители:* МТСП, МФ
*Рок:* долг рок

- АСПН ќе образува единствена стручна служба со подрачни единици (центри за социјални парични надоместоци) кои ќе се основаат за подрачјето на една или повеќе општини (29 низ Македонија и 10 во Скопје).

*Носители:* МТСП, АСПН, МФ
*Рок:* долг рок

- Во рамките на МТСП, Секторот за социјална заштита ќе врши надзор на законитоста над работењето на АСПН, додека Секторот за социјална инспекција ќе врши инспекциски надзор.

*Носители:* МТСП
*Рок:* долг рок

- Трансформација на ЗСД во Завод за социјални услуги (ЗСУ) при што ќе ги задржи постоечките надлежности само во однос на социјалните услуги (надлежностите во однос на социјалните парични надоместоци ќе се пренесат на АСПН).

*Носители:* МТСП ЗСД
*Рок:* долг рок

- Воведување на независниот мониторинг во системот на социјална заштита преку формирање на Одбор за мониторинг составен од 3 члена кои не се вработени во системот за социјална заштита, а чии надлежности ќе бидат фокусирани на заштитата на човековите права во остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија.

*Носители:* МТСП ЗСД
*Рок:* долг рок

- Редефинирање на надлежностите на ЦСР во насока на обезбедување само на социјални услуги (администрирањето на социјалните парични надоместоци преминува во надлежност на подрачните единици на АСПН), соодветна реорганизација на ЦСР согласно со новите надлежности и преименување во центри за социјални услуги.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, ЦСР (ЦСУ)
*Рок:* долг рок

- Вработените во ЦСР кои вршат работи поврзани со администрирање на социјалните парични надоместоци ќе преминат во надлежност на АСПН.

*Носители:* МТСП, ЗСД, АСПН, ЦСР (ЦСУ)
*Рок:* долг рок

- Внатрешна реорганизација на ЦСР во насока на формирање посебни одделенија за деца и возрасни, заради поголема специјализација на стручните кадри и зголемување на квалитетот на услугите.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, ЦСР (ЦСУ)
*Рок:* долг рок

- Реструктуирање на МЦСР во Скопје преку формирање на дисперзирани одделенија за социјални услуги во 10 општини кои ќе функционираат врз територијален принцип.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, МЦСР (МЦСУ)
*Рок:* долг рок

- Анализа на можностите за формирање на дисперзирани одделенија за социјални услуги кои ќе функционираат врз територијален принцип и во другите поголеми ЦСР.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, МЦСР (МЦСУ)
*Рок:* долг рок

- Формирање центри за советувалишна, советодавна работа и семејна терапија при МЦСР Скопје, поголемите ЦСР и други установи.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, МЦСР (МЦСУ), донатори
*Рок:* долг рок

- Во рамките на МТСП, Секторот за социјална заштита ќе врши надзор на законитоста над работењето на ЗСУ, додека Секторот за социјална инспекција ќе врши инспекциски надзор (Види Приказ 1).[1]

*Носители:* МТСП
*Рок:* долг рок

- Зајакнување на административните капацитети на општините преку формирање на одделенија за социјална заштита или посебни работни места, развивање на меѓуопштинската соработка преку формирање на заеднички административни тела, повремени или постојни заеднички работни тела и комисии за социјална заштита.

*Носители:* Општини
*Рок:* долг рок

- Зајакнување на соработката во реализацијата на социјалната заштита преку формирање на локални совети за социјална превенција, вработување и социјални услуги, и воспоставување на механизми за нивна координација и соработка.

*Носители:* Општини, ЦСР, НВО, АВРМ, бизнис заедницата, образовни и здравствени институции и други.
*Рок:* долг рок

- Проширување на видот на договорни социјални услуги кои ќе ги вршат и други даватели на социјални услуги преку објавување на јавни повици.

*Носители:* МТСП, општини, невладин сектор
*Рок:* долг рок

- Анализа на можностите за склучување на договори за вршење на социјални услуги од страна на ЦСР и други даватели на социјални услуги на локално ниво.

*Носители:* МТСП, ЦСР, општини, невладин сектор, верски и хуманитарни организации, приватен сектор
*Рок:* долг рок

---

[1] Како носители на мерките во Програмата се јавуваат институциите според новопредвидената структура на системот на социјална заштита. До формирањето на АСПН и ЦСПН, како и на ЗСУ и ЦСУ, предвидените мерки ќе ги реализираат институциите од постоечката структура: ЗСД и ЦСР.

**Приказ 1. Изменета структура на системот на социјална заштита**




## Цел 2. Унапредување на капацитетите на ЦСР

***Мерки:*** Воведување на посовремени, софистицирани компјутерски системи на евиденција за корисниците на социјални услуги и социјални парични надоместоци на ниво на ЦСР, со што ќе се овозможи анализа, следење и креирање на политики врз основа на воведени индикатори.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, АСПН, ЦСР (ЦСУ), Светска банка (СПИЛ проект)
*Рок:* среден рок

- Воведување на компјутерска мрежна евиденција за поврзување на сродните институции во мрежен систем.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, АСПН, АВРМ, УСЗ
*Рок:* долг рок

- Организирање едукација за користење на електронската база на податоци за вработените во социјалните установи.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, АСПН, надворешен центар за едукација, донатори
*Рок:* среден рок

- Донесување прописи со кои ќе се регулира начинот на водење евиденција и документација во текот на стручната работа, како и пристапот до електронската база на податоци.

*Носители:* МТСП ЗСУ АСПН
*Рок* среден рок

- Подобрување на просторните услови во рамките на установите за социјална заштита, како и средствата и опремата за работа, согласно со нормативите и стандардите за секоја установа.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, АСПН, УСЗ, донатори
*Рок:* среден рок

- Подобрување на кадровската екипираност во установите за социјална заштита со соодветни профили.

*Носители:* МТСП, МФ, УСЗ
*Рок:* среден рок

- Ревидирање на критериумите за избор на директори на УСЗ и членови на управните одбори при УСЗ.

*Носители:* МТСП, УСЗ
*Рок:* среден рок

**Цел 3. Зајакнување на институцијата надзор, супервизија и евалуација**

***Мерки:***

- Зајакнување на институциите стручен и инспекциски надзор над установите за социјална заштита преку редефинирање на критериумите за квалификациите и оспособеноста на лицата кои го вршат надзорот.

*Носители:* МТСП, АСПН, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Воведување обврска лицата задолжени за вршењето надзор континуирано стручно да се усовршуваат заради поуспешно остварување и унапредување на работата.

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Воведување и зајакнување на методот на супервизија, што ќе придонесе за поголема професионализација и зголемување на квалитетот на понудените услуги до корисниците.

*Носители:* МТСП, АСПН, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Спроведување на редовен, ефективен и ефикасен стручен надзор преку зајакнување на човечките капацитети на ЗСД (ЗСУ) и едукација на лицата кои вршат стручен надзор и супервизија.

*Носители:* МТСП, МФ, АСПН, ЗСД (ЗСУ), ИСРСП, надворешен центар за едукација, донатори
*Рок:* среден рок

- Развивање и примена на формите на внатрешна и надворешна евалуација на проекти и програми во реализација на УСЗ.

*Носители:* МТСП, АСПН, ЗСД (ЗСУ), надворешни експерти
*Рок:* среден рок

## 2. СТРУЧНА РАБОТА ВО УСТАНОВИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 2.1. Постоечка состојба

Моделот на стручна работа со поединец и семејство во ЦСР е базиран на класичниот медицински пристап на работа на случај (case work), а не на водење на случај (case management), насочен кон утврдување на недостатоците и патолошките состојби кај семејството или некој негов член. Интервенцијата преку водење или менаџирање на случајот во целост се разликува од онаа пракса која во моментот се применува во ЦСР и пасивните улоги во кои се наоѓаат стручните работници. Во моментот недостасуваат клучните елементи на овој пристап, како што се: делување како теренски работник во локалната заедница, практицирање на повеќе значајни улоги: менаџер, брокер, застапник, активист и др. Ваквиот начин на работа доведува до недоследности во работата со корисниците додека процесот на стручна работа не ги опфаќа сите потребни фази: проценка на потребите на корисникот, планирање и идентификација на ресурсите во заедницата и социјалните служби кои би можеле да придонесат за подобрување на ситуацијата, поврзување на корисникот со идентификуваните ресурси, и она што е особено важно, континуирана работа и следење на корисникот се додека не е задоволена потребата поради која тој стапил во контакт со социјалните служби.

Основната стручна постапка е дијагностичката, насочена првенствено кон одредување на “категоријата”, односно карактеристичната група на корисници на одредена заштита. Стручните работници го користат доминантно проблемскиот пристап во работата, поради што проблемот кој е идентификуван не се согледува во посложениот контекст на социјална, физичка, емоционална и финансиска ситуација на поединецот, семејството и потесната социјална средина. Ваквиот модел во суштина е патерналистички, затоа што ги пасивизира и стигматизира корисниците, а не ги уважува силата и потенцијалот кој лежи во семејството и неговата социјална средина.

Доминантна форма која се користи во работата е тимската работа и работата со индивидуални членови на семејството. Групната работа и семејната терапија како форми во работата многу поретко се користат, за чија примена ЦСР не секогаш располагаат со соодветни кадровски и просторно-технички можности. Најчесто се користи категоријално-тимска форма на работа. Тимот вообичаено е мултидисциплинарен, зависно од проблематиката на која се работи, и согласно можностите, е составен од социјален работник, педагог, психолог, правник и дефектолог. Најзастапена форма на тимска работа е мултидисциплинарниот тим кој го сочинуваат претежно социјални работници и не повеќе од 1-2 други профили. По потреба се формираат ad-hock тимови, монодисциплинарни тимови и комбинирани тимови. Понекогаш не се назначува координатор на тимовите поради што постои отсуство на одговорност за спроведените интервенции. На ваков начин доаѓа до често преклопување на активностите на членовите

на тимот и појава на формализација на тимското работење. Во 9-те дисперзирани одделенија при МЦСР во Скопје тимот го сочинуваат социјални работници и по еден правник.

Доминантно застапена интервенција во работата е директната интервенција во семејниот систем и социјалната помош чие администрирање е се уште еден од најголемите проблеми кои ги оптоваруваат социјалните работници од ЦСР. Стручните работници се недоволно ангажирани на индиректната интервенција, односно на работа и со други индивидуи, мали групи, агенции, локални заедници во име на индивидуата или семејството како корисник на услугите. Како резултат на тоа отсуствува поголем ангажман на стручните работници околу искористување на ресурсите во локалната заедница, работа на промени во средината кои би влијаеле позитивно на животната ситуација на корисникот, вклучување влијателни лица во процесот на помош, координација на расположливите услуги, застапување на корисникот пред соодветните служби, како и поголем ангажман на стручните работници во креативни активности поврзани со планирање и креирање на различни програми за помош. Во стручната работа, се користат само оние техники и инструменти кои се минимум неопходни, односно оние кои се утврдени како задолжителни за користење. Во доволна мера не се применуваат нови, современи техники во работењето, а со кои значително би се унапредил квалитетот на услугите кои ги добиваат корисниците. Наместо осовременување на работата со примена на нови техники и инструменти, се уште доминира усното договарање и ставање акцент повеќе на дијагнозата, отколку на планирањето, терапијата и евалуацијата на ефектите од преземените интервенции. Со Законот за социјална заштита се воведе обврска за изготвување на план за индивидуална работа со корисникот во текот на постапката за остварување на права од социјална заштита. Примената на оваа техника се уште не е на задоволително ниво, а постои и потреба за нејзино реформулирање. Во праксата често фазата на “терминација” или завршување на работата со корисникот или семејството се врши преку упатување, по кое се губи трагата до корисникот кој е упатен до друга служба заради содветна интервенција, а терминацијата ретко кога настапува по успешно завршена работа и исполнување на зацртаните цели. Изостанува и т.н. следење (follow-up) кое подразбира увид во состојбата на корисникот и по завршувањето на стручната работа со него.

Врз квалитетот на стручната работа се одразува и недостатокот на соодветен стручен кадар, користењето пред се на внатрешните хумани ресурси, претежно лошите услови на работното место, како и недостатокот на современи технички средства и простории за стручна советувалишна и советодавна работа, едукација и терапија.

### 2.2. Мерки, носители и рокови

### Цел 1. Унапредување на стручната работа

***Мерки:***

- Замена на постоечкиот пристап на работа на случај “case work” со водење на случај “case management” во УСЗ.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ, АСПН
*Рок:* среден рок

- Спроведување на едукација за водење на случај "case management" со која ќе бидат опфатени сите вработени во УСЗ.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ, АСПН, ИСРСП
*Рок:* среден рок

- Збогатување на тимската работа преку формирање и на т.н. "вон-агенциски" тимови во рамките на кои водителот на случајот е координатор на тим во кој останатите членови се стручњаци од други сродни владини и невладини организации кои се релевантни и можат да придонесат кон надминување на проблемската ситуација кај корисникот (на пр. лекар, психијатар од болница за лица со посебни потреби, социјален работник од училиште, НВО, наставник и сл).

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ЦСР, УСЗ, АСПН, надворешни институции и организации
*Рок:* среден рок

- Зајакнување на стручната работа со зголемена примена на формите на групна работа и семејна терапија како дополна на индивидуалната работа со корисникот која е доминантна во досегашната практика.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Промовирање на практиката на вклучување на соодветни екстерни профили во фазата на терапија, односно имплементација на договорените цели со корисникот, тогаш кога за тоа ќе се укаже потреба.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Поттикнување на примена и едукација на стручните работници за други индиректни интервенции кои излегуваат од рамките на рутинираните и формализирани постапки кои се основно обележје на нивната секојдневна работа.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ, АСПН, ИСРСП, донатори
*Рок:* среден рок

- Унапредување на процесот на стручна работа со корисниците преку доследно реализирање на сите фази на постапката, особено фазата на евалуација, терминација и следење.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ, АСПН, ИСРСП, донатори
*Рок:* среден рок

- Збогатување на стручната работа во установите за социјална заштита преку примена на нови современи инструменти и техники специфични за секоја фаза од постапката и едукација на стручните работници за нивна примена.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ, АСПН, ИСРСП, донатори
*Рок:* среден рок

- Спецификација на техниката индивидуален план за работа со корисник во различни типови во зависност од категоријата на корисници и правата и услугите кои ги остваруваат. Притоа, ќе се

стави акцент на писменото договарање во реализацијата на правата и услугите со што ќе се придонесе за: повисоко ниво на партиципација на корисниците на услугите во планирањето на интервенциите, јакнење на самодовербата кај корисниците, остварување на правото на рамноправно учество во донесувањето одлуки и поголем степен на одговорност на корисникот.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН, УСЗ
*Рок:* среден рок

- Воведување на јавни исправи (упати) до различни институции за посебни категории корисници на услуги, со што постапката на упатување ќе се формализира, ќе се зголеми степенот на одговорност, ќе се унапреди и поедностави работата на стручните работници и ќе се олесни пристапот на корисникот до службите во кои е упатен.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН
*Рок:* среден рок

- Подготовка на правилник за регулирање на начинот, условите и постапката за упатување, како и начинот на покривање на трошоците за услугите.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН
*Рок:* среден рок

- Подготовка на листинзи на лиценцирани даватели на социјални услуги поделени по тип на услуга, а во кои ќе бидат вклучени јавни и приватни УСЗ, физички и правни лица, здруженија на граѓани и други организации.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН, УСЗ
*Рок:* среден рок

- Доршување на протоколите како инструмент со кој ќе се унапреди координацијата и размената на информации меѓу сите релевантни актери во системот на социјална заштита, ќе се уредат улогите, облиците на соработка, упатување, формите на синхронизирано делување и сл.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), АСПН, надворешни релевантни институции
*Рок:* среден рок

- Формирање на координативни тела и мултиресорски тимови заради унапредување на соработката на сите релевантни актери од системот на социјална заштита со сродните институции.

*Носители:* МТСП, МОН, МЗ, МЛС, МВР, ЗСД (ЗСУ), АСПН, УСЗ, општини
*Рок:* среден рок

- Спроведување анализа на просторните, техничките и кадровските капацитети во УСЗ во Република Македонија, врз основа на која ќе се идентификуваат недостатоците и ќе се предложат решенија за унапредување на условите и ресурсите неопходни за стручна работа со семејство, семејна терапија, советувалишна работа, реализација на увиди, едукативни активности (возила, простории за едукација и терапија и сл).

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

## 3. КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ, ЛИЦЕНЦИРАЊЕ И СТАНДАРДИЗАЦИЈА

### 3.1. Постоечка состојба

Државна институција која е надлежна за спроведување на континуирано образование за професионалците од установите за социјална заштита е Заводот за социјални дејности. За спроведување на оваа надлежност, потребно е континиурано обезбедување на финансиски средства, што во досегашната практика не е доволно обезбедено. Во услови во кои континуираната едукација на стручните лица во системот на социјална заштита досега не се спроведувала перманентно, плански и системски, едукациите низ кои минувале стручните работници биле најчесто организирани од страна на невладини организации преку проекти финансирани најчесто од страна на меѓународни организации и фондации, или повторно преку проекти кои ги координира МТСП поддржани од странска помош. Оваа состојба се очекува да се надмине со воведување на систем на лиценцирање на стручните лица, за што ЗСД веќе подготвува програма за континуирана едукација. Вработените стручни кадри во установите за социјална заштита имаат обврска за континиурана едукација во рамките на процесот на лиценцирање. Но, во овој контекст потребно е да се стави посебен фокус на специјализирана едукација.

Постои потреба за преоцена на диференцијацијата во висината на платата согласно со сложеноста на работните задачи поврзани со работното место (на пример координатор на одделение), како и согласно со степенот на образование (на пример, стручни работници кои се специјалисти, магистри или доктори на науки). Оттука, континуираното професионално образование, формално не се вреднува во рамките на УСЗ, ниту пак дава можности за напредување во професионалната кариера. Можноста на оние стручни работници кои поминале низ повеќе форми на континуирана едукација да им бидат вреднувани знаењата кои на тој начин ги стекнале, засега се реализира само преку нивното евентуално ангажирање на поодговорни и поспецијализирани работни места. Од друга страна, унапредување на стручната работа е можно и очекувано не само преку внесување промени и подобрување на условите на работното место, туку и преку промовирање на потребата од стручно усовршување на вработените. Во оваа насока, во Законот за социјалната заштита треба да се доуреди постапката за оценување на стручните работници во рамките на установите за социјална заштита и соодветно на тоа можноста за нивно професионално напредување, согласно со Законот за јавни службеници.

Процесот на лиценцирање е во почетна фаза. Согласно со Законот за социјална заштита стручните работници со високо образование можат да вршат стручна работа во УСЗ, доколку имаат лиценца за работа. Заводот за социјални дејности дава и одзема лиценци за работа на стручни лица во УСЗ, води регистар на издадени и одземени лиценци и спроведува континуирана едукација на стручните лица во постапката за давање на лиценци. За реализација на овие активности, Заводот за социјални дејности формира Комисија за лиценцирање, составена од претставници на Заводот

за социјални дејности, Министерството, Институт за социјална работа и социјална политика, други соодветни факултети и институции, по претходна согласност на министерот. Комисијата за лиценцирање донесува Кодекс за стручните лица во установите за социјална заштита. Трошокот за издавање на лиценцата за работа е на товар на стручното лице. Министерот со општ акт поблиску ги уредува начинот и постапката за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните лица во установите за социјална заштита, висината на трошокот за издавање на лиценца, формата, содржината и образецот на лиценцата за работа. Во тек е формирање на Комисијата за лиценцирање при ЗСД и се работи на изготвување на критериумите за издавање на лиценца и Кодексот за стручните лица во установите за социјална заштита.

Голем дел од активностите поврзани со изработката на нормативи и стандарди за функционирање на УСЗ се завршени. Пропишани се нови нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на следниве установи за социјална заштита: дом за стари лица, центар за социјална работа, центар за жртви на семејно насилство, дневен центар за лица со попреченост, дневен центар за деца на улица – улични деца, дневен центар за лица кои злоупотребуваат дроги, центар за бездомници. Исто така донесен е Правилник за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка за самостојно живеење со поддршка во станбена единица, начинот и програмата за остварување на поддршката.

### 3.2. Мерки, носители и рокови

### Цел 1. Унапредување на континуираното професионално образование

***Мерки:***

- Зголемување на буџетските финансиски средства за поддршка на континуираното професионално образование на вработените во МТСП, АСПН, ЗСД и другите УСЗ (конгреси, конференции, семинари, дебати, курсеви, тркалезни маси и др).

*Носители:* МТСП, МФ
*Рок:* среден рок

- Планирање на континуираната професионална едукација врз основа на претходна научна анализа на реалните образовни потреби на стручните работници, како систематска и плански организирана активност.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ИСРСП
*Рок:* среден рок

- Содветно таргетирање на стручните работници со професионалното усовршување, во однос на релевантноста на содржините на едукација за работата која ја обавуваат.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Организирање едукации не само за стекнување нови знаења, туку и за освежување на постоечките знаења, преку т.н. "refreshment courses".

*Носители* ЗСД (ЗСУ) ЦСР УСЗ
*Рок:* среден рок

- Воспоставување на механизми за следење на ефектите од едукацијата, релевантноста и применливоста на стекнатите знаења на работното место, користа од едукацијата за унапредување на практичната работа, преку мониторинг, супервизија и евалуација.

*Носители* ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Примена на формата обука на обучувачи "training the trainers" во рамките на УСЗ со цел економично и ефикасно стекнување на вештини и знаења.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Воспоставување на системот на професионално напредување во УСЗ.

*Носители:* , МТСП, ЗСД (ЗСУ)
*Рок:* среден рок

- Воведување на механизми за вреднување на сертификатите и стекнатото знаење на оние стручни работници кои поминале континуирана професионална едукација.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ)
*Рок:* среден рок

- Воведување на диференција во примањата на оние стручни работници кои работат на посложени и поодговорни работни места, и оние кои се со повисок степен на образование од високото (специјализанти, магистри, доктори на науки).

*Носители:* , МТСП, ЗСД (ЗСУ)
*Рок:* среден рок

- Воведување можности за флексибилна организација на работата во УСЗ заради целите на едукација (скратување на работното време, отсуства заради задоволување на образовните потреби).

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Подготовка на среднорочни и долгорочни планови и програми за развој на кадрите во УСЗ и нивно континуирано образование, односно посветување поголемо внимание на програмирањето на образованието.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН, ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Подготовка на планови за стручно усовршување од страна на УСЗ.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), АСПН, ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Изнаоѓање можности за дополнително финансирање на едукативните програми за стручните работници од страна на УСЗ (пр. преку воспоставување различни видови фондови во рамките на кои би се слевале средства за покривање на трошоците за професионално образование на стручните кадри).

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), АСПН, ЦСР (ЦСУ), УСЗ, донатори
*Рок:* среден рок

- Воспоставување на Центар за континуирано професионално образование кој ќе се бави со планирање, следење и задоволување на образовните потреби на стручните работници.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН
*Рок:* долг рок

- Подобрување на пристапот на вработените во УСЗ до современа стручна литература, електронски бази на податоци и електронски библиотеки составени од ЦД, аудио и видео материјали кои можат да се користат како средства за индивидуално, групно или супервизирано учење.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН, ЦСР (ЦСУ), УСЗ, донатори
*Рок:* среден рок

## Цел 2. Развивање на системот на лиценцирање и стандардизација

***Мерки:***

- Ревидирање на системот на лиценцирање преку формирање на независна, професионална организација на вработените во социјалната заштита.

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Проширување на обврската за добивање на лиценца на сите стручни лица кои вршат работи во социјалната заштита и сите даватели на услуги (институции и организации, правни и физички лица кои вршат работи во областа на социјалната заштита).

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Воведување на акредитација на образовните програми во системот на лиценцирање и утврдување на тело надлежно за акредитација на овие програми.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН
*Рок:* среден рок

- Подготовка и акредитација на образовни пакети, планови и програми за едукација на стручните работници од УСЗ кои ќе ги подготвуваат експерти или експертски тимови составени од претставници од релевантни институции.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН, ИСРСП
*Рок:* среден рок

- Во рамките на процесот на лиценцирање, воведување на механизмот на контрола на квалитетот на работата на стручните работници преку мониторинг и евалуација на резултатите од работата.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), АСПН
*Рок:* среден рок

- Афирмација на општите етички принципи во работата и унапредување на стандардите на професионалното однесување, етичката и професионалната одговорност, преку подготовка и воведување на Кодекс на праксата во системот на социјална заштита.

*Носители:* ЗСД (ЗСУ), АСПН
*Рок:* среден рок

- Доработка на нормативите и стандардите за сите видови установи за социјална заштита и сите видови парични надоместоци и социјални услуги.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ)
*Рок:* среден рок

## 4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА

### 4.1. Постоечка состојба

Законот за социјална заштита предвидува преземање на мерки и активности на социјална превенција со кои се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик. Превентивната работа опфаќа едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита. Со Законот е предвидено дека во годишната програма за остварување на социјалната заштита треба да се предвидат мерки и потребни средства за остварување на социјалната превенција.

И покрај општата законска обврска за преземање на мерки и активности на социјална превенција, заради преоптовареност на центрите за социјална работа со администрирањето на паричните надоместоци и нудењето на друг вид социјални услуги, превентивната работа неоправдано се запоставува, што има далекусежни последици. Причина за ваквата ситуација претставува и континуираниот недостаток на средства за превентивни активности, и непостоење на подзаконски акти со кои на подетален начин ЦСР ќе се обврзат да реализираат превентивни програми.

Во најголем дел од ЦСР превентивната едукативно-советувалишна работа е занемарена. Од 2004 година, со укинување на задолжителната посета на предбрачните советувалишта, се запостави и советувалишната работа во делот на бракот и семејството. Постои потреба од нивно повторно реактивирање, бидејќи искуствата се позитивни и во голема мера корисни за граѓаните. ЦСР располагаат со стручен кадар кој е едуциран за вршење советувалишна работа, а чиј потенцијал во моментот е

неискористен. Покрај сопствените, ЦСР би можеле да ги користат и експертизата и ресурсите на приватниот и невладиниот сектор. Меѓутоа, дополнителен проблем се јавува во однос на нивното вклучување во нудењето на советувалишни услуги, како резултат на обврската за регистрирање на установата и исполнување на одредени стандарди за упис во регистарот на МТСП и вршење на дејноста. Законот дозволува физички лица да вршат одредени советувалишни работи, но во праксата се јавува проблем во однос на прашањето за утврдување на степенот на квалификации на стручните лица и начинот на лиценцирање, како и ширината на услугата која ќе се нуди и нејзината пазарна цена, што повлекува одредени финансиски импликации.

Слабата развиеност на превентивната социјална работа се должи и на непостоењето на јасни протоколи за соработка меѓу релевантните институции на локално ниво. Имено, Законот за социјална заштита предвидува дека превентивната работа се остварува во ЦСР во соработка со општините, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела, правни и физички лица и здруженија на граѓани. Иако неформални контакти постојат, соработката не е утврдена како обврзна, организирана, односно е препуштена на добрата волја и професионалност на стручните работници. Единиците на локалната самоуправа, во голем дел не располагаат со капацитети за мапирање на основните социјални проблеми во нивните општини и преземање на ефикасни превентивни мерки и активности. Во систематизациите на голем број општински администрации, не се предвидува формирање на сектори, ниту пак одделенија за социјална заштита. Најголем дел од општините немаат вработено ниту еден социјален работник.

Воедно, иако во остварувањето на превентивната работа клучна е соработката меѓу ЦСР и училиштата, во последниве години напуштени се веќе воспоставените добри практики на соработка. Позитивна е одредбата воведена со измените на Законот за основно образование со која се предвидува вработување на социјален работник во училиштата, но оваа одредба заради недостаток на финансиски средства се уште не е имплементирана. Исто така, голем дел од здравствените установи, особено во помалите општини не располагаат со стручен кадар за вршење на социјална превенција. Сето тоа, ги намалува потенцијалите на општините за вршење на превентивна социјална работа. Определен напредок се забележува во соработката со полицијата, особено со усвојувањето на Законот за малолетничка правда, кој предвидува формирање на Државен совет и општински совети за превенција на малолетничко претстапништво, како и сензибилизирање и јакнење на капацитетите на полициските службеници за препознавање на проблемите на трговија со луѓе, семејно насилство и вагабондажа. Превентивната работа на локалните здруженија на граѓани и нивната соработка со ЦСР често е стихијна, неконтинуирана и зависна од финансиската помош од странски донатори.

### 4.2. Мерки, носители и временска рамка

### Цел 1. Зајакнување на социјалната превенција

***Мерки:***

- Воведување на социјалната превенција како надлежност, покрај на ЦСР, и на останатите УСЗ.

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Предвидување на посебни буџетски средства за реализација на превентивни програми од страна на УСЗ.

*Носители:* МТСП МФ
*Рок:* среден рок

- Воведување задолжителна обврска за предвидување на превентивни активности на УСЗ во рамките на годишните програми за работа кои се доставуваат до ЗСД и МТСП.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Воведување обврска за задолжително доставување на годишен извештај за реализација на предвидените превентивни активности со годишните програми.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ
*Рок:* среден рок

- Воспоставување комисија за разгледување, оценка и евалуација на програмите и извештаите, во која ќе членуваат претставници на МТСП, ЗСД и екстерни членови.

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), екстерни членови
*Рок:* среден рок

- Воведување на профилот патролен социјален работник (street social worker).

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ
*Рок:* долг рок

- Зголемено ангажирање на волонтерската работа за потребите на ЦСР и УСЗ.

*Носители:* ЦСР (ЦСУ), АСПН, УСЗ
*Рок:* среден рок

- Развивање на волонтерската работа во локалната заедница во соработка со локалните институции и организации.

*Носители:* ЦСР (ЦСУ), УСЗ, АСПН, локални институции и организации
*Рок:* среден рок

- Организирање на групи на самопомош меѓу корисниците на социјална заштита (родители на деца во ризик, негуватели на стари лица, самохрани родители, згрижувачи, лица со социјални проблеми и др.).

*Носители:* ЦСР (ЦСУ), АСПН, УСЗ
*Рок:* среден рок

- Подобрена информираност, координација и соработка во реализацијата на превентивните програми меѓу ЦСР, УСЗ и локалните невладини организации, заради избегнување на

поклопување во програмите, оптимално искористување на расположливите ресурси и сл.

*Носители:* ЦСР (ЦСУ), АСПН, УСЗ, локални невладини организации
*Рок:* среден рок

- Изготвување и дистрибуирање на информативен материјал (брошури, лифлети) за правата и услугите од системот на социјална заштита.

*Носители:* ЦСР (ЦСУ), УСЗ, АСПН
*Рок:* среден рок

## Цел 2. Развивање на советувалишната и советодавна работа

***Мерки:***

- Разграничување на формите на советувалишна и советодавна работа во Законот за социјална заштита.

*Носители:*, МТСП
*Рок:* среден рок

- Отворање на советувалишта во системот на социјална заштита (предбрачно, брачно, за деца и млади и други).

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ, општини, невладин сектор
*Рок:* среден рок

- Назначување на стручни лица при ЦСР за вршење на советувалишна и советодавна работа, кои ќе бидат тесно специјализирани во таа област.

*Носители:* ЦСР (ЦСУ)
*Рок:* среден рок

- Утврдување на прецизни критериуми за вклучување на физички и правни лица како даватели на советодавни услуги (финансирање на услугите, лиценца, цена на услуга, траење на услугата, упатување и др.).

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСД (ЗСУ)
*Рок:* среден рок

## Цел 3. Развивање на меѓусекторската соработка во доменот на превенцијата на локално ниво

***Мерки:***

- Изработка на протоколи за соработка меѓу релевантните локални институции и организации.

*Носители:* МТСП, МВР, МОН, МЗ, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), АСПН, УСЗ, општини, локални институции и организации
*Рок:* среден рок

- Изработка на листинзи на институции за соработка со УСЗ и ЦСР на локално ниво (локална власт, образование, здравство, полиција, невладин сектор).

*Носители:* МТСП, ЗСД (ЗСУ), ЦСР (ЦСУ), УСЗ, општини, локални институции и организации
*Рок:* среден рок

- Формирање на локални совети за социјална превенција при општините во кои ќе членуваат претставници од сите релевантни локални актери (ЦСР, УСЗ, општини, училишта, здравствени установи, полициски служби, невладини организации).

*Носители:* Општини, ЦСР (ЦСУ), АСПН, УСЗ, локални институции и организации
*Рок:* среден рок

- Воспоставување на практика на членство на претставници од ЦСР во училишните одбори.

*Носители:* МТСП, МОН, ЦСР (ЦСУ), општини, училишта
*Рок:* среден рок

- Имплементација на законската одредба за вработување социјални работници во стручните служби во училиштата.

*Носители:* МТСП, МОН, МФ, општини, училишта
*Рок:* среден рок

- Воведување на законска можност за вработување на социјални работници во детските градинки.

*Носители:* МТСП, МФ, општини, детски градинки
*Рок:* среден рок

- Попрецизно регулирање и интензивирање на досегашната практика на посета на училиштата од страна на стручни работници од ЦСР заради идентификација на ученици во социјален ризик и спречување на појава на социјални проблеми.

*Носители:* Општини, ЦСР (ЦСУ), училишта
*Рок:* среден рок

## 5. ПРАВА НА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 5.1. Актуелна состојба

Законот за социјална заштита ги утврдува следниве права на парична помош од социјална заштита: социјална парична помош; постојана парична помош; парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа; парична помош на мајка која родила четврто дете; паричен надоместок за помош и нега од друго лице; еднократна парична помош и помош во натура; надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот; парична помош за социјално домување и право на здравствена заштита.

Од големо значење за системот за социјална заштита е унапредувањето на правата на парична помош каде што се сконцентрирани најголемиот дел од корисниците на социјални парични надоместоци. Бројот на корисници на социјална парична помош неколку години наназад изнесува над 60 илјади корисници, со тенденција на благо опаѓање во последните неколку години - 61.813 во 2003, 67.113 во 2005, 63.882 во 2007 година и 50.656 во 2009 година. Бројот на корисници на постојана парична

помош пак се движи околу 5000 корисници: 5.176 во 2003, 4.871 во 2005, 5.030 во 2007 година и 5.617 во 2009 година. Слична тенденција се забележува и кај корисниците на правото на помош и нега од друго лице чиј број се движи од 19.158 во 2003, 21.544 во 2005 и 19.295 корисници во 2007 година и 20.925 во 2009 година. Учеството на паричните надоместоци за реализација на правото на парична помош од социјална заштита во Буџетот на Македонија во 2009 година изнесуваше за социјална парична помош изнесува 1.04%, а за сите парични права од социјална заштита 2%.

Поради големите зафаќања на буџетски средства за ова право од социјална заштита, реформите се насочени кон подобрено таргетирање и активација на корисниците на паричните надоместоци. Сепак, и покрај реформите, најголемиот дел од корисниците, особено на социјална парична помош, се задржуваат долго време во системот. Доминантноста на пасивните мерки на заштита не даваат доволен поттик за преземање активност и за надминување на состојбата на невработеност. Во основа, системот е патерналистички, создава зависност од него и продуцира голем број на долгорочни корисници на надоместоците.

Како клучен проблем се истакнува непостоењето на усогласен стратешки приод меѓу областа на вработувањето и социјалната заштита. Ваквата состојба резултира со отсуство на специјализирани програми за вработување насочени кон корисниците на социјална помош и слабости во спроведување на веќе предвидените активни мерки за вработување во рамките на годишните програми, чија реализација е во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

ЦСР, како примарни институции за администрирање на паричните надоместоци функционираат во недоволни материјални, технички, кадровски и инфраструктурни услови. Воедно, организационата поставеност на ЦСР во која не се издвоени паричните надоместоци од социјалните услуги, го отежнува администрирањето на паричните надоместоци. Од една страна, стручните работници во ЦСР најголем дел од времето посветуваат на остварување на социјалната помош поради големиот обем на корисници, недоволните човечки капацитети и недостатокот на современ систем на менаџмент на податоци, што резултира во занемарување на стручната работа во делот на социјалните услуги. Од друга страна, со проширувањето на обемот на услуги од социјална заштита доаѓа до постојано зголемување на надлежностите на ЦСР без претходна проценка на можностите за нивна ефикасна реализација. Ваквото континуирано проширување на надлежностите се одразува врз квалитетот на работата во администрирањето на паричните надоместоци.

Дополнителна потешкотија претставува слабата соработка и отсуството на мрежна поврзаност со релевантните институции од кои треба да се обезбедат податоци за корисниците на паричните надоместоци (Катастар, Управа за јавни приходи, банки). Законот за заштита на лични податоци овозможува непречена размена само на податоци со соодветно регулирање. Тоа влијае врз траењето на постапката, намалување на ефикасноста и економичноста, како и врз реализацијата на правата која е попречена од неможноста за утврдување на фактичката состојба.

## 5.2. Мерки, носители и временска рамка

## Цел 1. Унапредување на правата на парична помош од социјална заштита

***Мерки:***

- Преименување на "правата на парична помош од социјална заштита " во "социјални парични надоместоци".

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Воведување на ново право на парична помош од социјална заштита - паричен надоместок за невработено лице за нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот.

*Носители:* МТСП, МФ
*Рок:* среден рок

- Воведување на промени во правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице:
  - преименување на "правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице" во "право на помош и нега од друго лице"
  - воведување на можност за избор за користење на ова право во форма на паричен надоместок или во форма на услуги (помош во домашни услови, нега во домашни услови, дневно згрижување, личен асистент и др.) до висина на износот на паричниот надоместок.
  - изработка на листа на даватели на услуги за реализација на услужната компонента на ова право.

*Носители:* МТСП, АСПН, ЦСПН
*Рок:* среден рок

- Ревидирање на критериумите за проценка на приходите врз основа на кои се определува правото на постојана парична помош.

*Носители:* МТСП, АСПН
*Рок:* среден рок

- Подобрено таргетирање на социјалната парична помош преку поинтензивна работа на активација на корисниците, подобрување на системите за размена на информации во однос на приходите во домаќинството и подобрување на условите за примена на техниката на увид.

*Носители:* МТСП, МФ, АСПН, ЦСПН, ЦСР (ЦСУ), Управа за јавни приходи, Завод за геодетски работи, банки
*Рок:* долг рок

## Цел 2. Воспоставување на мрежна соработка меѓу релевантните институции за реализација на правата на парична помош од социјална заштита

***Мерки:***

- Зајакнување на соработката со институциите од кои се добиваат податоци потребни за реализација на правата од социјална помош (Завод за геодетски работи, Управа за јавни приходи, Агенција за вработување, судови, банки, полиција, инспекциски служби и др.).

*Носители:* МТСП, АСПН, ЦСПН, ЦСР (ЦСУ) и други релевантни институции и организации
*Рок:* среден рок

- Идентификација на соодветни механизми за олеснет пристап на ЦСР до базите на податоци на релевантните институции, какви што се договорите за размена на податоци.

*Носители:* МТСП, АСПН
*Рок:* среден рок

- Подобрена информираност на општините и поголемо користење на можноста за ангажирање на корисници на социјални парични надоместоци за вршење на јавни работи преку зголемена соработка со ЦСПН.

*Носители:* Општини, АСПН, ЦСПН, АВРМ,
*Рок:* среден рок

- Подготовка на годишни програми за изведување на јавни работи во кои ќе бидат вклучени корисници на социјална парична помош од страна на општините во консултација со ЦСПН и АВРМ.

*Носители:* Општина, АСПН, ЦСПН, АВРМ
*Рок:* среден рок

- Подобрена координација и задолжителна размена на податоци меѓу АСПН, општините и АВРМ за корисниците на социјални парични надоместоци кои биле вклучени или одбиле вршење на јавни работи

*Носители:* Општина, АСПН, ЦСПН, АВРМ
*Рок:* среден рок

## Цел 3. Олеснување на постапката за реализација на правата на парична помош од социјална заштита

***Мерки:***

- Укинување на обврската за месечно пријавување во ЦСПН од страна на корисниците на социјални парични надоместоци.

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Анализа на можностите за намалување на чинењето на издавање на лични документи и потврди потребни за реализација на социјалните парични надоместоци во соработка со релевантните институции.

*Носители:* МТСП, МВР, МП, Управа за јавни приходи, Завод за геодетски работи
*Рок:* среден рок

- Подобрена информираност на корисниците за правата на парична помош од социјална заштита, како и постапката за остварување на

правата и механизмите за жалба (брошури, информативни шалтери, информативни табли).

*Носители* МТСП АСПН ЦСПН донатори, невладин сектор
*Рок* среден рок

- Поголема информираност на корисниците за можноста за поднесување преставки до Народниот правобранител.

*Носители* МТСП АСПН, ЦСПН, Народен правобранител, донатори, невладин сектор
*Рок* среден рок

## Цел 4. Зајакнување на капацитетите за реализација на правата на парична помош од социјална заштита

***Мерки:***

- Организационо одвојување на администрирањето на социјалните парични надоместоци од обезбедувањето на социјалните услуги (Види подетално поглавје 1).

*Носители:* МТСП, АСПН
*Рок:* долг рок

- Спроведување на детална теренска анализа на постоечките материјални, технички, кадровски и инфраструктурни капацитети на ЦСР, заради извршување соодветен делбен биланс при организационото одвојување на ЦСР во ЦСПН и ЦСУ.

*Носители:* МТСП
*Рок:* долг рок

- Правна едукација на социјалните работници во ЦСР (ЦСПН) за подобро толкување на релевантната законска и подзаконска регулатива.

*Носители:* МТСП, АСПН, надворешен центар за едукација
*Рок:* среден рок

- Воведување на единствена компјутерска дата база за корисниците на социјална помош.

*Носители:* МТСП, АСПН, Светска банка - СПИЛ
*Рок:* среден рок

## Цел 5. Зајакнување на соработката и координацијата меѓу ЦСР (ЦСПН) и АВРМ (центри за вработување)

***Мерки:***

- Членство на претставник од ЦСР (АСПН) во управниот одбор на Агенцијата за вработување, заради вклученост на ЦСР во планирање и имплементација на политиките во доменот на вработувањето.

*Носители:* МТСП, АСПН, АВРМ
*Рок:* среден рок

- Воспоставување на Локални совети за вработување во кои ќе членуваат претставници на општината, работодавачи, ЦСР (ЦСПН) и центрите за вработување при АВРМ кои ќе се состануваат најмалку еднаш месечно, заради координација и интензивирање на ~~активностите за вработување на корисници на социјална заштита~~ (пред се за работоспособни корисници на социјални парични надоместоци, но и за самохрани родители, лица со пречки во развојот, деца без родители и родителска грижа, сторители на кривични дела, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе и лица со други социјални проблеми).

*Носители:* МТСП, АСПН, ЦСР (ЦСУ), АВРМ, општини
*Рок:* среден рок

- Воведување на индивидуален план за премин од социјални бенефиции кон вработување како составен дел на досието кое се води за секој корисник на социјални парични надоместоци при ЦСР (ЦСПН). Изготвувањето на индивидуалниот план за вработување ќе се врши во соработка со АВРМ и општините.

*Носители:* МТСП, ЦСПН, АВРМ (центри за вработување), општини
*Рок:* среден рок

- Едукација на ЦСР (ЦСПН) и АВРМ (центри за вработување) за имплементација на програми за премин од социјални бенефиции кон вработување на корисници на социјална заштита.

*Носители:* МТСП, АСПН, АВРМ, ИСРСП
*Рок:* среден рок

- Вклучување на бизнис заедницата, општините и другите локални актери во реализацијата на програмите за премин од социјални бенефиции кон вработување.

*Носители:* АСПН, ЦСПН, АВРМ (центри за вработување), општини, бизнис заедница, донатори
*Рок:* среден рок

- Зајакнување на практиката за ангажирање корисници на социјална парична помош на извршување на јавни работи преку поголема вклученост на општините во реализација на јавните работи и унапредување на механизмите за јасна евиденција и координација.

*Носители:* АСПН, ЦСПН, АВРМ (центри за вработување), општини
*Рок:* среден рок

## 6. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА

### 6.1. Постоечка состојба

Според Законот за социјална заштита институционалната заштита опфаќа право на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита. Во Република Македонија функционираат единаест установи за социјална заштита:

- Дом за доенчиња и мали деца Битола: установата располага со капацитет од 120 легла за деца и 25 за мајки и , а во 2009 година

биле сметени 95 деца.

- Дом за деца без родители и родителска грижа "11 Октомври" Скопје: во установата функционираат десетина воспитни групи кои бројат максимум до 14 деца. Во оваа установа во април 2010 година биле сместени 70 штитеници.
- Јавна установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми Скопје: капацитетот на установата е 90 воспитаника, а во 2009 година биле сместени 34 воспитаника.
- ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ" Скопје: капацитетот на установата е 75 корисници, а во 2009 година услугите на Заводот ги користеле 37 деца.
- Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје: во 2009 година го посетувале над 54 корисници со умерена и тешка попреченост во интелектуалниот развој. Капацитетот е за 120 корисника.
- Специјален завод Демир Капија: во Заводот се сместени се вкупно 311 корисници со тешка и најтешка ментална инвалидност, за кои се грижат 208 вработени од кои најмногу се: негуватели, дефектолози, физиотерапевти и медицински сестри.
- Завод за заштита и рехабилитација " Бања Банско": установата располага со капацитет од 65 корисници, а во 2009 година услугите ги користеле 64 лица.
- Установи за стари лица во Куманово, Битола, Прилеп и Скопје: Установите во Битола, Куманово и Прилеп од 2004 година функционираат како општински домови за стари лица. Во рамките на Геронтолошкиот завод Скопје функционира и одделот "Мајка Тереза" (постапката за децентрализација се уште не е завршена), со капацитет за 111 корисника.
- Јавна установа прифатен центар за баратели на азил со капацитет од 150 легла: Заклучно со декември 2009 година во Прифатниот центар на баратели на право на азил, престојувале 24 лица.

Системот на социјална заштита вклучува и приватни установи за социјална заштита меѓу кои СОС "Детско село" Скопје кое згрижува 80-тина деца без родители и родителска грижа. Со процесот на плурализација во социјалната заштита во Република Македонија се отворени четири приватни домови за стари лица, кај кои трансформацијата во установи за социјална заштита се уште не е завршена.

Процесот на деинституционализација започна во 2002 година преку реализирање на посебна програма за подготовка на 30-тина деца за напуштање на Специјалниот завод Демир Капија. До денес деинситуционализирани се 23 деца и сместени се во згрижувачки семејства.

Процесот на деинституционализација досега претежно е фокусиран на деинституционализација на лицата со ментална инвалидност сместени во Специјалниот завод Демир Капија, и тоа пред се деца. Деинституционализацијата во останатите установи за социјална заштита се уште не е започната. Воедно, деинституционализацијата не е проследена со паралелниот процес на трансформација на установите за институционална социјална заштита. Во нив условите за згрижување се со низок квалитет од аспект на инфраструктура и услуги. Од актуелната состојба во установите може да се забележи и дека во најголемиот дел од

нив расположливиот капацитет е нецелосно искористен што упатува на нивната неекономичност. Критериумите за сместување во установа за институционална социјална заштита треба да се доработат во насока на постручно и посоодветно сместување на корисниците. При сместувањето не се спроведува задоволителна проценка на целокупната животна ситуација и расположливите ресурси на корисниците во насока на избегнување на непотребната институционализација.

Со усвојувањето на новиот Закон за социјална заштита во 2009 година се воведоа две нови форми на згрижување: сместување во мал групен дом и самостојно живеење со поддршка кои во постоечкиот Закон се утврдени како форми на вонинституционална заштита и покрај тоа што имаат карактеристики и на институционална заштита. Исто така, прифатниот центар за баратели на право на азил во Законот е дефиниран како установа за институционална заштита, и покрај тоа што спаѓа во категоријата на установи за привремено згрижување. Поради тоа постои потреба за поадекватно групирање на социјалните услуги во системот на социјална заштита.

Имплементацијата на новите форми на згрижување (мал групен дом и самостојно живеење со поддршка) е во почетна фаза. Во соработка со невладиниот сектор, отворени се и функционираат 10 станбени единици за самостојно живеење со поддршка на лица со ментална инвалидност во кои се сместени 40 лица од Специјалниот завод - Демир Капија. Во малиот групен дом во Берово, сместени се пет деца без родители и родителска грижа.

## 6.2. Мерки, носители и временска рамка

## Цел 1. Развивање и унапредување на формите на институционална заштита

***Мерки:***

- Ревидирање на критериумите за класификација на социјалните услуги во системот на социјална заштита согласно со нивното место во континиумот на социјални услуги за долгорочна заштита.

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Редефинирање на формата "самостојно живеење со поддршка" преку воведување на три форми со различно ниво на поддршка: заштитено домување со 24 часовна поддршка, живеење со повремена поддршка и самостојно живеење со поддршка.

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Воведување на законска можност за сместување и на старо лице во мал групен дом и установа за живеење со поддршка.

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Воведување на формата згрижувачки дом за истите категории корисници за кои може да се примени формата згрижувачко

семејство.
*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Воведување на формата специјализиран хранителски дом за згрижување на лица со специфични потреби (болни од алцхајмерова болест, лица со одредена инвалидност, деца со нарушено општествено поведение).

*Носители:* МТСП, АСПН, АВРМ
*Рок:* среден рок

- Воведување на формата куќа на пола пат, особено поволна за лица кои претходно биле опфатени со институционална заштита.

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Разработка на критериумите за сместување во установите за социјална заштита и нивно доследно почитување.

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Развивање на формите на институционална заштита во насока на избегнување на сегрегација на корисниците со одредена проблемска ситуација (стари лица, инвалиди, деца без родители) и нивно интегрирање во локалната заедница.

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

## Цел 2. Трасформација на установите за социјална заштита

***Мерки:***

- Формирање на стручни комисии за проценка на постоечките просторни, технички и кадровски капацитети во УСЗ, утврдување цена на услуга по корисник и предлагање решенија за нивна траснформација.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, надворешен консултант
*Рок:* среден рок

- Траснформација на установите во насока на замена на масовните и гломазни институции со помали и пофлексибилни форми на институционално згрижување прилагодени на категоријата корисници и на нивните индивидуални потреби.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, донатори
*Рок:* долг рок

- Хуманизација на условите за живот во постоечките институции преку подобрување на квалитетот на живот и креирање средина која е најблиска до семејната средина.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, донатори
*Рок:* долг рок

- Предвидување средства за реновирање, опремување и воведување

нови програмски содржини за спорт, рекреација, културно-забавен живот, социјализација при трансформацијата на установите.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, донатори
*Рок:* среден рок

- Развивање на облиците на вон-институционална заштита (дневно и привремено згрижување, помош и нега во домашни услови) од страна на УСЗ.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ
*Рок:* долг рок

- Во домовите за стари лица воспоставување на центри за привремено сместување (respite) и центри за терминална нега (hospice).

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ
*Рок:* долг рок

- Преквалификација и доедукација на дел од кадрите во установите за социјална заштита по трансформацијата и нивно прераспоредување на вршење на работни задачи потребни со нововедените содржини или во сродни установи каде што постои недостаток на стручен кадар.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ
*Рок:* долг рок

**Цел 3. Интензивирање и проширување на процесот на деинституционализација**

- Процесот на деинституционализација, освен на Специјалниот завод Демир Капија, да се прошири и кон останатите УСЗ.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ
*Рок:* долг рок

- За секоја установа да се изврши претходна детална анализа за соодветните насоки и облици на деинституционализација на корисниците на услугите.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, надворешен консултант
*Рок:* среден рок

- На процесот на деинституционализација да му претходи развивањето на локална мрежа на услуги како алтернатива на институционалната заштита.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, општина, НВОи
*Рок:* долг рок

## 7. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА

### 7.1. Постоечка состојба

Согласно со Законот за социјална заштита вонинституционалната заштита што се остварува во или преку ЦСР опфаќа право на: прва социјална услуга на корисници на социјална заштита; помош на поединец;

помош на семејство; домашна нега и помош на поединец и на семејството; дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство; сместување во згрижувачко семејство; сместување во мал групен дом и самостојно живеење со поддршка.

Во практиката, на реализацијата на правото на прва социјална услуга, и особено правото на помош на поединец и правото на помош на семејство не се посветува доволно внимание. Стручната, советодавна и советувалишна работа со корисниците се запоставува поради тоа што администрирањето на паричните трансфери одзема најголем дел од човечкиот капитал и ресурси во ЦСР.

### *7.1.1. Дневни центри и центри за дневно и привремено прифаќање*

Установи за социјална заштита за вонинституционална заштита кои функционираат во моментот се:

- Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица (2).

- Дневен центар за улични деца - деца на улица (2). МТСП финансиски помага невладина организација за дневен центар за деца на улица во Шуто Оризари.

- Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурзори (2). МТСП во соработка со Министерството за здравство, општината и верската заедница во еден дневен центар во Струмица.

- Центар за лица бездомници (1)

- Центар за лица - жртви на семејно насилство (6)

- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост: 23 дневни центри за деца со умерена и тешка интелектуална попреченост; 1 Дневен центар за деца заболени од церебрална парализа. МТСП учествува во финансирањето и на 3 дневни центри за возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост (во Скопје, Охрид и Радовиш) кои се раководоени од националната инвалидска организација Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака; и 1 Дневен центар за возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост во Куманово финансиран од локалната самоуправа во соработка со „Порака“.

- Центар за давање помош во домашни услови: во досегашната практика, од страна на државата се уште не е развиена формата на давање на домашна нега и помош на различни категории на корисници. Неколку успешни проекти за домашна нега и помош се реализирани од страна на невладиниот сектор, но истите се соочуваат со проблемот на финансиска одржливост.

- Народни кујни: Проектот народни кујни, започна да се реализира во март 2007 година и за оваа намена од Буџетот на Република Македонија досега се одвоени над 48.500.000,00 денари. До денес отворени се вкупно 36 народни кујни во соработка со општините и детските градинки со вкупен број од 3457 корисници на постојана парична помош.

Со реформите во системот на социјална заштита во Македонија во изминатите неколку години најголем акцент се стави токму на развивање на формата на дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство. Како што може да се забележи од презентираните податоци за актуелната состојба, отворени се и функционираат повеќе

вакви центри, од кои во поголем дел како приоритетна група корисници се јавуваат децата. Останува потребата за доразвивање на постојните и воспоставување на нови центри на локално ниво.

### *7.1.2. Згрижувачки семејства*

Згрижувачкото семејство како форма на заштита има долга традиција во Македонија и е присутна од почетокот на шеесеттите години. Долго време оваа форма се практикувала пред се во Скопје, додека во последните години се развива и во другите градови во Републиката. Во 2004 година се создаде основа со подзаконски акт да се утврдат критериумите за избор на згрижувачките семејства и видот и обемот на услугите. Со процесот на деинституционализација на деца со инвалидност за дел од нив (23) беше обезбедено сместување во згрижувачки семејства во повеќе градови во Македонија со што започна и процесот на згрижување на деца со инвалидност. Во 2009 година згрижени се 92 деца со пречки во развојот. Во 2010 година има вкупно140 згрижувачки семејства во кои се згрижени 219 деца на возраст од 3-26 години. ЦСР децата без родители и родителска грижа ги сместуваат и кај блиски сродници кои не се сметаат за згрижувачки семејства.

И покрај медиумското промовирање и развивање на оваа форма на заштита која во основа треба да има привремен карактер, таа останува фокусирана пред се на долгорочна заштита на категоријата на деца со инвалидност и деца без родители и родителска грижа, а не и на останатите категории во социјален ризик за кои според Законот за социјална заштита може да се примени и оваа форма на заштита. И покрај развиената подзаконска рамка, во практиката реализацијата на оваа форма е проследена со одредени слабости. Значително подобрување е потребно од аспект на избор на згрижувачките семејства, општата и специјализирана едукација за згрижувачите, како и континуирана и систематска поддршка на згрижувачките семејства. Исто така, заштитата во згрижувачки семејства не прави разлика меѓу општата и специјализираната (тераписка) заштита, привремена и долгорочна, а не постои ниту роднинската заштита (kinship care).

### 7.2. Активности, носители и временска рамка

### Цел 1. Унапредување на стручната и советодавната работа

**Мерки:**

- Системско и организационо раздвојување на администрирањето на паричните бенефиции од доставата на социјални услуги како надлежности на ЦСР (Види поглавје 1).

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ
*Рок:* долг рок

- Воведување на тријажно одделение во ЦСР (ЦСУ).

*Носители:* МТСП, ЗСУ, ЦСУ
*Рок:* среден рок

- Воведување на центри за индивидуална, групна и семејна терапија .

*Носители* МТСП, МФ, ЗСУ, ЦСУ, општини, невладин сектор

*Рок:* долг рок

- Воведување на нов облик на спроведување на социјалната ~~рехабилитација на лица кои употребуваат односно злоупотребуваат~~ дрога и други психотропни супстанции и прекурзори во тераписки заедници (комуни).

*Носители:* МТСП, ЗСУ, ЦСУ, општини, невладин сектор

*Рок:* среден рок

- Подготовка на норми и стандарди за користење на услугите во тераписките центри и заедници.

*Носители:* МТСП, ЗСУ

*Рок:* среден рок

- Допрецизирање на условите и критериумите за вклучување на лиценцирани терапевти за реализација на индивидуална, семејна и групна терапија (утврдување на услови под кои ќе се користи надворешната експертиза: цена на услуга, должина на третман, листинзи на експерти и др.).

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ

*Рок:* долг рок

- Изработка и допрецизирање на нормативите за услугите и обемот на работна ангажираност на стручните работници во УСЗ.

*Носители:* МТСП, ЗСУ

*Рок:* среден рок

## Цел 2. Унапредување на формата дневно и привремено згрижување

**Мерки:**

- Спроведување на детална и длабинска анализа на потребите од социјални услуги на локално ниво преку идентификација на ризични групи население; расположливите просторни капацитети; потенцијалите на локалните организации и институции; можните облици на финансирање и предлози за воспоставување мрежа на локални центри за дневно и привремено згрижување врз основа на утврдените потреби.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, ИСРСП, донатори, општини

*Рок:* среден рок

- Спроведување на евалуација на состојбите во постоечките центри во однос на просторни и човечки капацитети, организација на работата, искористеност на центрите, проблеми и потреби, стручна работа со корисниците, ефектите од работењето, заради предлагање решенија за подобрување на нивното функционирање.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, ИСРСП, донатори

*Рок:* среден рок

- Збогатување на мрежата на центри за дневно и привремено прифаќање и згрижување, преку отворање на дополнителни центри,

територијално распоредени согласно со локалните потреби на населението: дневни центри за стари лица; клубови за стари лица; дневни центри за деца на улица; дневни центри за корисници на дрога и алкохол; дневни центри за лица со ментална или телесна инвалидност.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, општини, НВО, донатори, приватен сектор
*Рок:* долг рок

- Воведување и имплементација на формата социјални центри за социјализација и ресоцијализација на стари, инвалидни лица, деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено општествено поведение во кои акцент се става на корисно, продуктивно и позитивно ангажирање во спортски, културни, рекреативни настани, развивање на вештини и потенцијали кај корисниците, поттикнување на активен живот преку вклучување во животот во заедницата. Оваа форма може да се реализира од страна на граѓански организации, општини и други локални субјекти преку кофинансирање и партиципација од корисници.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, УСЗ, општини, НВО, донатори
*Рок:* долг рок

- Редефинирање на односите меѓу централната и локалната власт во однос на основање, функционирање и финансирање на центрите за дневно и привремено згрижување, со цел нивна постепена децентрализација и пренесување во надлежност на општините.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, општини
*Рок:* долг рок

- Формирање на локални совети за развивање на мрежата на социјални услуги на локално ниво во кои ќе членуваат претставници од општините, ЦСР, НВО, приватен сектор, верски и хуманитарни организации, УСЗ.

*Носители:* Општини, ЦСР, НВО, приватен сектор, верски и хуманитарни организации, УСЗ
*Рок:* долг рок

- Зголемување на буџетските средства за развивање на формите на вонинституционална заштита преку јавно-приватно партнерство.

*Носители:* МТСП, МФ, општини
*Рок:* среден рок

- Прецизирање на годишните јавни повици што ги објавува МТСП за конкретни услуги од областа на социјалната заштита (тип на услуга, место каде треба да биде понудена, категорија на корисници и сл) за кои ќе се добијат сознанија од претходно извршената анализа на потребите од социјални услуги на локално ниво.

*Носители:* МТСП, МФ
*Рок:* среден рок

- Проширување на можноста за аплицирање на годишните јавни повици, покрај здруженијата на граѓани, и кон останати субјекти од приватниот сектор (профитен и непрофитен), хуманитарни и верски организации и групи, општини, образовни и други.

*Носители* МТСП
*Рок* среден рок

- Поттикнување на проекти засновани на мрежна локална соработка меѓу општини, здруженија на граѓани, приватни бизниси и други субјекти, преку давање предност на таквите проекти во соодветните јавни повици.

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Анализирање на можностите за забрзување на процедурите поврзани со јавните повици и воведување на подолгорочно стратешко планирање преку изнаоѓање нови модалитети за финансирање на проектите избрани преку јавните повици.

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ
*Рок:* долг рок

- Прецизирање на условите и критериумите за членство во Комисијата за соработка со здруженија на граѓани, утврдување на мандат за членство како и проширување со двајца нови членови (истакнати научни и стручни работници со најмалку петгодишно работно искуство во областа) и еден претставник од НВО со ротирачки едногодишен мандат.

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Промовирање на волонтерската работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку систематска и координирана соработка со соодветни образовни установи, НВО, хуманитарни и верски организации.

*Носители:* ЗСУ, ЦСУ, УСЗ
*Рок:* среден рок

- Унапредување на стручната работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку збогатување со следните форми на работа: интензивирање на стручна индивидуална и групна работа со корисници и родители/старатели, организирање на корисниците и/или нивните родители/старатели во групи на само-помош, поттикнување на нивно поорганизирано здружување, реализација на спортски, културни, забавни содржини и настани, збогатување на облиците на работа и соработка со родители/старатели.

*Носители:* ЗСУ, ЦСУ, УСЗ, донатори
*Рок:* среден рок

## Цел 3. Унапредување на сместувањето во згрижувачко семејство

**Мерки:**

- Поделба на формите на згрижување според критериумот времетраење на сместување, и тоа: интервентно згрижување (до 30 дена), привремено (до 6 месеци), трајно згрижување (за возрасни, стари лица и деца до полнолетство) и.

*Носители:* МТСП
*Рок:* среден рок

- Поделба на формите на згрижување според критериумот функции, и тоа: општо згрижување (сместување кај згрижувачи кои не мора да имаат посебна високо-образовна специјализација), специјализирано згрижување (тераписко згрижување во кое како згрижувачи се јавуваат дипломирани дефектолози, социјални работници, педагози, психолози, психијатри, лекари) и згрижување "respite" (привремено општо и специјализирано сместување во згрижувачко семејство заради задоволување на потребите од одмор, терапија, лекување и завршување на домашни, семејни и професионални обврски на негуватели на стари лица, родители/старатели на деца со инвалидност, и др).

*Носители:* МТСП. ЦСУ
*Рок:* среден рок

- Воведување посебен надоместок за тераписка работа во специјализираните згрижувачки семејства.

*Носители:*, МТСП, МФ
*Рок:* долг рок

- Промовирање на формата сместување во згрижувачко семејство за категориите на корисници за кои оваа форма на заштита досега е помалку применувана: дете со воспитно-социјални проблеми; дете жртва на семејно насилство; малолетен сторител на кривично дело или прекршок; старо лице; возрасно лице со инвалидитет.

*Носители:* ЗСУ, ЦСУ
*Рок:* среден рок

- Регулирање на примената на сместување во згрижувачко семејство соодветно на категоријата на згрижени лица и локалните згрижувачки капацитети во подзаконската регулатива, според следниве категории и форми на згрижување:
  - дете без родители (општо/трајно)
  - дете без родителска грижа (општо/трајно или привремено)
  - дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство (специјализирано/привремено и интервентно)
  - малолетен сторител на кривично дело или прекршок (специјализирано/привремено)
  - лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост (специјализирано/трајно)
  - старо лице (општо/специјализирано и трајно).

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Зајакнување на функциите на згрижувачкото семејство за помош и поддршка на биолошкото семејство при интервентно и привремено сместување.

*Носители:* ЗСУ, ЦСУ
*Рок:* среден рок

- Обезбедување на соодветна помош и поддршка на згрижувачкото семејство од страна на ЦСР (ЦСУ) преку: можност за користење на дополнителни социјални услуги, континуирана супервизија, задолжителна општа и специјализирана едукација, засилена поддршка и советување во транзициони периоди непосредно по сместувањето и пред завршувањето на сместувањето, организирање во групи на само-помош и/или организации.

*Носители:* МТСП, ЗСУ, ЦСУ, донатори
*Рок:* среден рок

- Зајакната стручна работа со биолошкото семејство при интервентно и привремено сместување со цел да се избегне долгорочното згрижување преку советодавна и тераписка работа, како и склучување на договор за целите кои треба да се постигнат.

*Носители:* ЗСУ, ЦСУ
*Рок:* среден рок

- Подготовка на план за долгорочно решавање на проблемската животна ситуација на лицето сместено во згрижувачко семејство.

*Носители:* ЗСУ, ЦСУ
*Рок:* среден рок

- Зајакнување на стручната работа со лицата корисници на овој облик на заштита од аспект на: советување и поддршка пред и непосредно по сместувањето заради прилагодување на новите услови за живот во адаптациониот период, одржување на блиски врски со биолошкото семејство, организирање на облици на групна работа и групи на самопомош, подготвување за напуштање на згрижувачкото семејство од аспект на вработување и оспособување за самостојно живеење и сл.

*Носители:* ЦСУ
*Рок:* среден рок

- Воведување на формата роднинско згрижувачко семејство (kinship care) на која треба да и се даде приоритет пред сместувањето во згрижувачко семејство, доколку тоа е во најдобар интерес на детето или корисникот, поради предностите на оваа форма на згрижување: сместување во позната средина, полесно прилагодување и намален стрес, одржување на врски со биолошкото семејство, поквалитетна грижа заради поцврстите емоционални, културни и социјални врски со роднинското згрижувачко семејство и др.

*Носители:* ЗСУ
*Рок:* среден рок

**Цел 4. Развивање на други форми на вонинституционална заштита**

**Мерки:**

- Формирање на центри за помош во домашни услови за стари и инвалидни лица и нивните семејства (дистрибуција на храна, одржување на хигиена во домот и лична хигиена, поправки и прилагодување на условите за живот во домот, снабдување со храна и лекови и сл.)

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, УСЗ, општини, донатори, НВО, приватен сектор
*Рок:* среден рок

- Формирање на центри за нега во домашни услови за изнемоштени стари и инвалидни лица (со здравствено-социјална димензија).

*Носители:* МТСП, МФ, ЗСУ, УСЗ, општини, донатори, НВО, приватен сектор
*Рок:* среден рок

- Развивање на форми за поддршка на семејства во социјален ризик (кризни центри за деца од семејства во социјален ризик, семејни помагатели и други).

*Носители:* МТСП, ЗСУ, УСЗ, општини, донатори, НВО, приватен сектор
*Рок:* среден рок

- Воведување на формата интегрирани центри за локални социјални услуги од страна на општините со можност за кофинансирање и партиципација од корисници. Овие центри ќе даваат информации за расположливите услуги за различни категории корисници во социјален ризик, ќе даваат помош при избор на потребната социјална услуга, директно ќе нудат услуги за помош и нега во домашни услови од различен вид и др.

*Носители:* Општини, НВО, хуманитарни и верски организации, донатори, приватен сектор
*Рок:* долг рок

- Обезбедување буџетски средства за реализација на формата домашна помош и нега преку годишните јавни повици кои ги објавува МТСП.

*Носители:* МТСП, МФ
*Рок:* среден рок

- Развивање на формите на домашна помош и нега од страна на граѓанските здруженија, приватниот сектор, општините, верските организации и други локални актери, врз база на кофинансирање (од јавните повици, сопствени средства и партиципација од корисниците).

*Носители:* ЦСУ, општини, НВО, хуманитарни и верски организации, донатори, приватен сектор
*Рок:* среден рок

- Развивање на формата ангажирање на лични асистенти за корисниците на помош и нега од друго лице, преку вработување на невработени лица и корисници на социјални парични надоместоци.

*Носители:* МТСП, ЦСУ, АВРМ, општини
*Рок:* среден рок

- Воспоставување на СОС линии за стари и инвалидни лица, семејства во ризик, деца и млади и други.

*Носители:* ЦСУ, општини, НВО
*Рок:* среден рок

- Воспоставување на алармни центри за стари и инвалидни лица, односно оние кои се грижат за нив.

*Носители:* ЦСУ, општини, НВО, приватен сектор
*Рок:* среден рок

- Утврдување на прецизни критериуми за начинот на функционирање на СОС линиите, за стручните квалификации на давателите на услуги преку СОС линиите, како и воспоставување на механизми за надзор и контрола над работењето.

*Носители:* МТСП, ЗСУ
*Рок:* среден рок

- Постепено пренесување на надлежностите за менаџирање и финансирање на постоечките народни кујни на општините кои истите би можеле да ги превземат и реализираат во соработка со други локални институции и организации.

*Носители:* МТСП, општини
*Рок:* среден рок

## III. МЕХАНИЗМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година е основа за реформата на системот на социјална заштита и за изработка на нормативни и други акти од областа на социјалната заштита. МТСП управува со реформата на системот на социјална заштита и е главен носител и иницијатор на досегашните и идните стратешки реформски активности. МТСП како главен носител на реформата ќе реализира активности за воспоставување на структуирани и оперативни партнерски односи со релевантните актери за реализација на Програмата. Во таа насока МТСП ќе воспостави механизми за координација на стратешките активности, договарање и соработка.

Министерот за труд и социјална политика ќе формира Координативно тело со мандат за следење и евалуација на имплементацијата на Програмата. Во Координативното тело ќе членуваат претставници од:

- МТСП (3)
- МЛС (1)
- МФ (1)
- ЗЕЛС (1)
- УСЗ (3)
- ЗСД (1)
- НВО (3 со ротирачко членство во зависност од фазата на имплементација)
- ИСРСП (2)
- Национални координативни тела за спроведување на стратешки документи од областа на социјалната заштита (1 по потреба).

Координативното тело за потребите на следење и евалуација на имплементацијата на Програмата ќе соработува со локалните совети кои се воспоставуваат со истата.

Координативното тело ќе изготвува Годишни оперативни планови за имплементација на Програмата за развој на социјалната заштита. Најмалку еднаш годишно ќе се спроведува евалуација на постигнатите стратешки активности и остварените резултати. За потребите на евалуацијата МТСП ќе користат интерни и екстерни ресурси.

Евалуацијата ќе се спроведува со цел:

- увид во реализацијата на предвидените стратешки правци;
- идентификација на спорни стратешки прашања во имплементацијата;
- ревидирање на Програмата, согласно со утврдените потреби и состојби.

Координативното тело ќе доставува извештаи за спроведување на годишните оперативни планови до Владата на Република Македонија.најмалку еднаш годишно.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на Програмата ќе се обезбедат потребните финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, општинските буџети и донатори.

## V. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“

Бр. 51 - 5101/1
7 септември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АВРМ** – Агенција за вработување на Република Македонија
**АСПН** – Агенција за социјални парични надоместоци
**ЗСУ** – Завод за социјални услуги
**ЕУ** – Европска унија
**ЗСД** – Завод за социјални дејности
**ИСРСП** – Институт за социјална работа и социјална политика
**КЛ** – Комисија за лиценцирање
**МВР** – Министерство за внатрешни работи
**МЗ** – Министерство за здравство
**МЛС** – Министерство за локална самоуправа
**МОН** – Министерство за образование и наука
**МП** – Министерство за правда
**МТСП** – Министерство за труд и социјална политика
**МФ** – Министерство за финансии
**МЦСР** – Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје
**ООН** – Организација на обединетите нации
**УСЗ** – Установа за социјална заштита
**ЦСПН** – Центар за социјални парични надоместоци
**ЦСУ** – Центар за социјални услуги
**ЦСР** – Центар за социјална работа

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

**2359.**

**О Б Ј А В А**

Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за укинување на визниот режим за носителите на дипломатски пасоши, склучен на 20 јануари 2009 година во Њу Делхи, ратификуван со Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за укинување на визниот режим за носителите на дипломатски пасоши („Службен весник на РМ“ бр. 98/09), е во сила од 15 мај 2010 година.

1 септември 2010 година
Скопје

Министер,
м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

**2360.**

**О Б Ј А В А**

Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република за економска и индустриска соработка, склучен на 10 февруари 2010 година во Прага, ратификуван со Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република за економска и индустриска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 77/2010), е во сила од 9 август 2010 година.

1 септември 2010 година
Скопје

Министер,
м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

**2361.**

**О Б Ј А В А**

Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за заемна заштита на класифицирани информации, склучена на 24 ноември 2009 година во Скопје, ратификувана со Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за заемна заштита на класифицирани информации („Службен весник на РМ“ бр. 41/2010), влегува во сила на 1 октомври 2010 година.

1 септември 2010 година Министер,
Скопје м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

---

**2362.**

**О Б Ј А В А**

Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на одбраната, склучена на 10 јуни 2009 година во Скопје, ратификувана со Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на одбраната („Службен весник на РМ“ бр. 24/2010), е во сила од 11 јуни 2010 година.

1 септември 2010 година Министер,
Скопје м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

**2363.**

**О Б Ј А В А**

Договорот за основање на регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА), склучен на 21 ноември 2008 година во Подгорица, ратификуван со Законот за ратификација на Договорот за основање на регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА), („Службен весник на РМ“ бр. 49/2009), е во сила од 1 август 2010 година.

1 септември 2010 година Министер,
Скопје м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

---

**2364.**

**О Б Ј А В А**

Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина за услови на заемни патувања на граѓаните, склучена на 6 февруари 2010 година во Минхен, ратификувана со Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина за услови на заемни патувања на граѓаните („Службен весник на РМ“ бр. 77/2010), е во сила од 27 август 2010 година.

1 септември 2010 година Министер,
Скопје м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2365.**

Врз основа на член 18 став (2) од Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр.113/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА ЗАБРАНИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОДРЕДЕНИ НУСПРОИЗВОДИ ВО ИСХРАНАТА НА ЖИВОТНИТЕ И ОДРЕДЕНИ ТЕХНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ОД НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО (*)

### ГЛАВА I
### ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1
**Предмет на уредување**

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови, начинот и постапката за спроведување и примена на забраните за употреба на одредени нуспроизводи во исхраната на животните, како и употребата на одредени технички производи од нуспроизводи од животинско потекло.

### ГЛАВА II
### ПОБЛИСКИ УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УПОТРЕБА НА ОДРЕДЕНИ НУСПРОИЗВОДИ И ТЕХНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ОД НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ВО ИСХРАНАТА НА ЖИВОТНИТЕ

**ОДДЕЛ I**

**Поблиски услови, начин и постапка за примена на забраните за употреба на нуспроизводи од животинско потекло**

Член 2
**Забрана за употреба**

Нуспроизводи од животинско потекло и преработени производи не се употребуваат:

1) за исхрана на животни ако содржат преработени протеини од животинско потекло кои потекнуваат од телата или деловите од тела на животни од истиот вид;

2) за исхрана на фармски животни, со исклучок на животните за производство на крзно, ако се содржани во помии или храна за животни која содржи или е добиена од помии; и

3) како органиски фертилајзери или подобрувачи на почва, со исклучок на ѓубриво, на земјиште со пасишта.

---

* Овој правилник е усогласен со Регулативата (ЕС) Бр 1774/2002 на Европскиот Парламент и Европскиот Совет од 3 октромви 2002 која ги пропишува правилата за здраствена заштите кои се однесуваат на животинкси нус-производи кои не се наменети за човечка исхрана, 32002R1774, и
Регулативата (ЕЗ) бр. 999/2001 на Европскиот парламент и на Советот од 22 мај 2001 година за утврдување правила за спречување, контрола и искоренување на одредени трансмисивни спонгиформни енцефалопатии, 32001R0999.

Член 3

**Проширување на забраните за употреба на одредени нуспроизводи од животинско потекло**

(1) Без исклучок на одредбите од член 2 на овој правилник, не треба да се врши исхрана на преживари со протеини кои потекнуваат од цицачи.

(2) Одредбата на став (1) од овој член се однесува и на другите животни освен преживари, а исхраната на тие животни со производи од животинско потекло се врши согласно условите утврдени во Глава II на овој правилник.

(3) Одредбите од ставов (1) и (2) од овој член се применуваат без оглед на исклучоците на забраните утврдени во Глава II на овој правилник.

(4) При појава на ризик од Трансмисивни Спонгиоформни Енцефалопатии (ТСЕ) не треба да се врши извоз или складирање на храна наменета за домашни животни која содржи протеини од цицачи, или храна за животни наменета за цицачи, освен за кучиња, мачки и животни за крзно која содржи преработени протеини од цицачи.

Член 4

**Проширување на забраната**

Одредбите од член 3 став (1) од овој правилник се применуваат и при исхраната на:

1) фармски животни, со исклучок на исхрана на карнивори за производство на крзно, со:

а) преработени протеини од животинско потекло:

б) желатин по потекло од преживари;

в) производи од крв;

г) хидролизирани протеини;

д) дикалциум фосфат и трикалциум фосфат од животинско потекло; и

ѓ) храна за животни која содржи протеини наведени во подточките а), б), в), г) и д) од овој член; и

2) преживари, со протеини од животинско потекло и храна за животни кои содржат такви протеини.

Член 5

**Исклучоци и посебни услови во однос на забраните за употреба на одредени нуспроизводи од животинско потекло**

Одредбите од член 3 став (1) и (2) на овој правилник не се применуваат при:

1) исхрана на фармски животни со протеини наведени во подточките а), б), в),и г) од оваа точка и храна за животни која е добиена од такви протеини, и тоа:

а) млеко, млечни производи и колострум;

б) јајца и производи од јајца;

в) желатин добиен од непреживари; и

г) хидролизирани протеини добирени од делови од непреживари и од кожа и поткожје од преживари.

2) исхрана на непреживни фармски животни со протеини наведени во подточките а), б) и в) од оваа точка, и со производи добиени од такви протеини:

а) рибно брашно, во согласност со условите пропишани во Оддел II од оваа Глава;

б) дикалциум фосфат и трикалциум фосфат, во согласност со условите пропишани во Оддел IV од оваа Глава; и

в) производи од крв добиени од непреживари во согласност со условите пропишани во Оддел V од оваа Глава;

3) исхрана на риби со крвно брашно добиено од непреживари во согласност со условите пропишани во Оддел V од оваа Глава;

4) исхрана на фармски животни со храна за животни со растително потекло и храна за животни која содржи такви производи по откривање на незначителни количества на делови од коски доколку процената на ризикот е задоволителна. При процена на ризикот се зема во предвид најмалку количеството и можниот извор на загадување и крајната дестинација на пратката; и

5) исхрана на неодбиени фармски животни од видовите на преживари со рибино брашно во согласност со условите пропишани во Оддел III од оваа Глава.

**ОДДЕЛ II**

**Поблиски услови, начин и постапка за употреба на рибино брашно во исхраната на животните**

Член 6

**Употреба на рибино брашно во исхрана на животните**

(1) Рибинто брашно наведено во член 5 точка 2) подточка а) и храната за животните која содржи рибино брашно за исхрана на непреживни животни (со исклучок на карнивори за производство на крзно) се употребува доколку:

1) рибиното брашно е произведено во објект за преработка наменет исклучиво за производство на производи добиени од риба;

2) пред да се стави во промет, секоја пратка од увезеното рибино брашно е анализирана со микроскоп; и

3) храната за животни која содржи рибино брашно е произведена во објект кој не произведува храна за преживари и кој е одобрен за таа цел од страна на Управата за ветеринарство.

(2) По исклучок на став (1) точка 3) од овој член:

1) не е потребно посебно одобрение за производство на комплетна храна за животни од храна за животни која содржи рибино брашно за домашни производители на храна за животни:

а) кои се регистрирани;

б) кои призведуваат комплетна храна за исхрана на животните за користење на самото одгледувалиште; и

в) доколку се докаже дека храната за исхрана на животни која содржи рибино брашно кое се користи при производството содржи помалку од 50 % сирови протеини.

2) производството на храна за исхрана на преживари во објект кој исто така врши производство на храна за исхрана на животните која содржи рибино брашно за други видови на животни ќе биде одобрено доколку:

а) неспакуваната и спакуваната храна за животни наменета за преживари се чува во простории физички одвоени од оние за неспакувано рибино брашно и неспакувана храна за животните која содржи рибино брашно за време на складирање, транспорт, и пакување;

б) храната за животни наменета за преживари е произведена во простории кои се физички одвоени од просториите каде се произведува храна за животни која содржи рибино брашно;

в) записите со поединости за набавките и употребата на рибиното брашно и продажбата на храната за животни која содржи рибино брашно се чуваат најмаку пет години и се достапни на барање на официјалниот ветеринар; и

г) редовно се спроведуваат рутински тестирања на храната за животни наменета за преживари за да се обезбеди дека забранетите протеини, вклучувајќи го и рибиното брашно не се присутни.

Член 7
**Означување и транспорт на рибино брашно**

(1) Комерцијалниот документ кој ја придружува пратката на храна за животни која содржи рибино брашно и секое пакување кое содржи такви пратки, терба да бидат јасно означени со зборовите: “содржи рибино брашно – не смее да се користои за исхрана на преживари”.

(2) Неспакуваната храна за животни која содржи рибино брашно се транспортира со превозни средства со кои во исто време не се транспортира храна за преживари. Доколку превозното средство потоа се користи за транспорт на храна за животни наменета за преживари, треба темелно да се исчисти за да се избегне вкрстена контаминација.

Член 8
**Начин на користење и складирање на храната за животни која содржи рибино брашно**

(1) Храната за животни која содржи рибино брашно не може да се користи и складира на фарми на кои се чуваат преживари.

(2) По исклучок на став (1) на овој член, храната за животни која содржи рибино брашно може да се користи и складира на фарми каде се чуваат преживари доколку на фрамата се применети мерки со кои се спречува храната за животни која содржи рибино брашно да се користи за исхрана на преживари.

**ОДДЕЛ III**

**Поблиски услови, начин и постапка за употреба на рибино брашно за исхрана на неодбиени фармски животни од видовите на преживари – Замени за млеко**

Член 9
**Употреба на рибино брашно и храна за животни која содржи рибино брашно за исхрана на неодбиени фармски животни од видовите на преживари**

(1) Рибиното брашно од член 5 точка 5) од овој правилник и храната за животни која содржи рибино брашно може да се користи при исхрана на неодбиени фармски животни од видовите на преживари доколку:

1) рибиното брашно е произведено во објект за преработка кој е исклучиво наменет за производство на производи добиени од риба;

2) пред да се стави во промет, секоја пратка на рибино брашно е анализирана со микроскоп;

3) употребата на рибино брашно за исхрана на млади фармски животни од видовите на преживари е одобрено само за производство на замени за млеко, дистрибуирани во сува форма и по растварање во определено количество на течност, наменето за исхрана на неодбиени преживари како дополна, или замена на пост-колостралното млеко пред завршување на одбивањето; и

4) замените за млеко кои содржат рибино брашно наменето за млади фармски животни од видовите на преживари се произведени во објекти кои не произведуваат друга храна за преживари и кои се одобрени за таа цел.

(2) По исклучок од став (1) точка 4) од овој член, производството на друга храна за преживари во објекти кои произведуваат и замени за млеко кои содржат рибино брашно наменето за млади фармски животни од видовите на преживари може да се одобри доколку:

1) неспакуваната или спакуваната друга храна за животни наменета за преживари се чува во простории кои се физички одвоени од оние за неспакувано рибино брашно и неспакувани замени за млеко кои содржат рибино брашно за време на складирање, транспорт и пакување;

2) другата храна за животни наменета за преживари се произведува во простории физички одвоени од просториите каде се произведуваат замените за млеко кои содржат рибино брашно;

3) записите со поединости за набавките и употребата на рибиното брашно и продажбата на замените за млеко кои содржат рибино брашно се чуваат најмаку пет години и се достапни на барање на официјалниот ветеринар; и

4) редовно се спроведуваат рутински тестирања на другата храната за животни наменета за преживари за да се обезбеди дека забранетите протеини, вклучувајки го и рибиното брашно не се присутни. Резултатите од тестирањата се чуваат најмалку пет години и се достапни на барање на официјалниот ветеринар.

Член 10
**Означување и транспорт на замените за млеко**

(1) Комерцијалниот документ кој ги придружува замените за млеко кои содржат рибино брашно наменети за млади фармски животни од видовите на преживари, и секое пакување кое содржи такви пратки, мора да бидат јасно означени со зборовите “содржи рибино брашно – смее да се користои само за исхрана на неодбиени преживари”.

(2) Неспакуваните замени за млеко кои содржат рибино брашно наменети за млади фармски животни од видовите на преживари ќе бидат транспортирани со превозни средства со кои во исто време не се транспортира друга храна за преживари. Доколку е применливо, кога превозното средство последователно се користи за транспорт на друга храна за животни наменета за преживари, треба темелно да се исчисти за да се избегне вкрстена контаминација.

Член 11
**Начин на користење и складирање на замените за млеко**

(1) На фарми каде се чуваат преживари, треба да се применат мерки за да се спречи замените за млеко кои содржат рибино брашно да се користат за исхрана на преживари кои не се опфатени со член 5 точка 5) од овој правилник.

(2) Управата за ветеринарства воспоставува листа на фарми каде замените за млеко кои содржат рибино брашно се користат преку систем на претходна најава од страна на фармата или друг систем кој обезбедува усогласеност со овие одредби.

**ОДДЕЛ IV**

**Поблиски услови, начин и постапка за употреба на дикалциум фосфат и трикалциум фосфат во исхраната на животните**

Член 12
**Употреба на дикалциум фосфат и трикалциум фосфат во исхрана на животните**

(1) Дикалциум фосфат и трикалциум фосфат од член 5 точка 2) подточка 2) од овој правилник и храна за животни која содржи такви протеини при исхрана на непреживни фармски животни, (со исклучок за исхрана на карнивори за производство на крзно) се употребува доколку таквата храна е произведена во објекти кои се одобрени за таа цел и кои не вршат подготовка на храна за преживари.

(2) По исклучок на став (1) од овој член:

1) не е потребно посебнои одобрение за производство на комплетна храна за животни од храна за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат за домашни производители на храна за животни кои:

а) се регистрирани;

б) призведуваат комплетна храна за животните за користење на самото одгледувалиште; и

в) доколку се докаже дека храната за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат кои се користат при нејзиното производството содржи помалку од 10 % вкупен фосфор.

2) производството на храна за преживари во објект кој врши и производство на храна за исхрана на животните која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат за други видови на животни се одобрува доколку:

а) неспакуваната и спакуваната храна за животни наменета за преживари е произведена во простории физички одвоени од оние каде се произведува храна за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат;

б) неспакуваната храна за животни наменета за преживари се чува во простории физички одвоени од оние за неспакуван дикалциум фосфат, неспакуван трикалциум фосфат и неспакувана храна за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат; и

в) записите со поединости за набавките и употребата на дикалциум фосфатот или трикалциум фосфатот и продажбата на храната за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат се чуваат најмаку пет години и се достапни на барање на официјалниот ветеринар.

Член 13

**Означување и транспорт на храната за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат**

(1) На етикетатат и пропратниот документ на храната за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат треба јасно да бидат означени зборовите: “содржи дикалциум/трикалциум фосфат од животинско потекло - не смее да се користи за исхрана на преживари”.

(2) Неспакуваната храната за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат треба да се транспортира со превозни средства со кои во исто време не се транспортира храна за преживари. Доколку превозното средство последователно се користи за транспорт на храна за животни наменета за преживари, истото треба темелно да се исчисти за да се избегне вкрстена контаминација.

Член 14

**Начин на користење и складирање на храна за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат**

(1) Храна за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат не се користи и складира на на фарми на кои се чуваат преживари.

(2) По исклучок на став (1) на овој член, храна за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат може да се користи и складира не на фарми каде се чуваат преживари доколку на фрамата се применети мерки со кои се спречувае храната за животни која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат да се користи за исхрана на преживари.

## ОДДЕЛ V

**Поблиски услови, начин и постапка за употреба на производи од крв и крвно брашно во исхраната на животните**

Член 15

**Употреба на производи од крв во исхраната на животните**

(1) Производите од крв од член 5 точка 2) подточка в) од овој правилник и крвно брашно од член 5 точка 3) од овој правилник и храната за животни која содржи такви протеини можат да се користат при исхрана на непреживни фармски животни и риби, доколку крвта е:

1) добиена од одобрени кланици во кои не се врши колење на преживари и кои се регистрирани дека не вршат колење на преживари; и

2) транспортирана директно до објект за преработка во превозно средство наменето исклучиво за транспорт на крв од непреживари. Доколку превозното средство претходно се користело за транспорт на крв од преживари, по чистењето, а пред транспорт на крвта од непреживари официјалниот ветеринар извршил инспекција на истото.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, може да се врши собирање на крв од непреживари наменета за производство на производи од крв и крвно брашно за користење во исхрана на непреживни фармски животни и риби, во кланици во кои се врши и колење на преживари, доколку кланицата има признат систем на контрола кој обезбедува најмалку дека:

1) колењето на непреживарите е физички одвоено од колењето на преживарите;

2) просториите за собирање, складирање, транспорт и пакување на крв со потекло од преживари се физички одвоени од крвта со потекло од непреживари; и

3) се врши редовно земање на мостри и анализа на крвта со потекло од непреживари за да се открие присуство на протеини од преживари.

Член 16

**Услови за производство на производи од крв и крвно брашно**

(1) Производите од крв и крвното брашно треба да бидат произведени во објект во кој се врши исклучиво преработка на крв од непреживари.

(2) По исклучик на став (1) на овој член, може да се врши производство на производи од крв и крвно брашно за исхрана на непреживни фармски животни и риби во објекти кои вршат преработка на крв од преживари, кои имаат воспоставено признаен систем на контрола за спречување на вкрстена контаминација кој обезбедува најмалку дека:

1) преработката на крв од непреживари се врши во затворен систем физички одвоен од системот за преработката на крв од преживари;

2) неспакуваната суровина и неспакуваниот краен производ со потекло од преживари за време на складирање, транспорт и пакување се чува во простории физички одвоени од оние за неспакувани суровини и неспакувани крајни производи со потекло од непреживари; и

3) се врши редовно земање на мостри и анализи на производи од крв и крвно брашно од непреживари за откривање на присуство на протеини од преживари.

Член 17

**Услови за производство на храна за животни која содржи производи од крв или крвно брашно**

(1) Храната за животни која содржи производи од крв или крвно брашно треба да биде произведена во објекти кои не вршат подготовка на храна за преживари или фармски животни, со исклучок на риби, и кои се одобрени за таа цел.

(2) По исклучок на став (1) од овој член:

1) не е потребно посебно одобрение за производство на комплетна храна за животни која содржи производи од крв или крвно брашно за домашни производители на храна за животни кои:

а) се регистрирани;

б) кои чуваат само непреживни животни во случај да користат производи од крв, или само риби во случј да користат крвно брашно;

в) призведуваат комплетна храна за животни за користење на самото одгледувалиште; и

г) доколку се докаже дека храната за животни која содржи производи од крв или крвно брашно кои се користат при нејзино производството содржи помалку од 50 % вкупно протеини; и

2) производството на храна за преживари во објекти кои исто така вршат производство на храна за животни која содржи производи од крв или крвно брашно за непреживни фармски животни или риби ќе биде одобрено доколку:

а) неспакуваната и спакуваната храна за животни наменета за преживари или фармски животни, со исклучок на риби, е произведена во простории физички одвоени од оние каде се произведува храна за животни која содржи производи од крв или крвно брашно;

б) неспакуваната храна за животни за време на складирање, транспорт и пакување се чува во физички одвоени простории, и тоа:

- храната за животни наменета за преживари се чува одвоено од производите од крв и од храна за животна која содржи производи од крв; и

- храната за животни наменета за фармски животни, со исклучок на риби, се чува одвоено од крвното брашно и од храна за животни која содржи крвно брашно.

в)записите со поединости за набавките и употребата на производите од крв и крвно брашно и продажбата на храната за животни која содржи такви производи се чуваат најмаку пет години и се достапни на барање на официјалниот ветеринар.

Член 18

**Означување и транспорт на храна за животни која содржи производи од крв или крвно брашно**

(1) На етикетата, која го придружува комерцијалниот документ или доколку е соодветно, на здравствениот сертификат на храната за животни која содржи производи од крв или крвно брашно треба јасно да бидат означени зборовите: "содржи производи од крв - не смее да се користи за исхрана на преживари" или "содржи крвно брашно – треба да се користи само за исхрана на риби", како што е соодветно.

(2) Неспакуваната храна за животни која содржи производи од крв треба да се транспортира со превозни средства со кои во исто време не се транспортира храна за преживари и неспакувана храна за животни која содржи крвно брашно и со превозни средства со кои во исто време не се транспортира храна за фармски животни, со исклучок на риби. Доколку превозното средство последователно се користи за транспорт на храна за животни наменета за преживари или фармски животни, со исклучок на риби, истото треба темелно да се исчисти за да се избегне вкрстена контаминација.

Член 19

**Начин на користење и складирање на храната за животни која содржи производи од крв или крвно брашно**

(1) Храната за животни која содржи производи од крв не може да се користи и складира на фарми на кои се чуваат преживари, и истото не е дозволено за храна за животни која содржи крвно брашно на фарми на кои се чуваат фармски животни, со исклучок на риби.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, храната за животни која содржи производи од крв може да се користи и складира на фарми каде се чуваат преживари или фармски животни, со исклучок на риби, доколку на фармата се применети мерки со кои се спречува храната за животни која содржи производи од крв или крвно брашно да се користи за исхрана на преживари или за исхрана на други видови, со исклучок на риби.

ГЛАВА III
УСЛОВИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Член 20

**Складирање и транспорт**

(1) Неспакуваните преработени животински протеини, со исклучок на рибино брашно, и неспакуваните производи, вклучувајќи храна за животни, органските ѓубрива и подобрувачи на почвата кои содржат такви протеини, треба да се складираат и транспортираат во за таа цел одредени капацитети. Магацинот или превозното средство можат да се користат и за други цели единствено по чистење, и по спроведена контрола од страна на официјалниот ветеринар.

(2) Неспакуваното рибино брашно од член 5 точка 2) подточка а) на овој правилник, неспакуваниот дикалциум фосфат и неспакуваниот трикалциум фосфат од член 5 точка 2) подточка б) на овој правилник, производите од крв од член 5 точка 2) подточка в) на овој правилник и крвното брашно од член 5 точка 3) на овој правилник треба да се скалдираат и транспортираат во магацини и превозни средства наменети за таа цел.

(3) По исклучок од став (2) од овој член:

1) магацините и/или превозните средства можат да се користат за складирање и транспорт на храна за животни која содржи ист протеин;

2) магацините и/или превозните средства, по чистење и по спроведена контрола од страна на официјалниот ветеринар можат да се користат за други цели; и

3) магацините и/или превозните средства за транспорт на рибино брашно можат да се користат за други цели доколку објектот поседува признат систем на контрола за да спречи вкрстена контаминација кој вклучува најмалку:

а) водење на записи за материјалите кои се транспортираат и за чистење на превозното средство; и

б) редовно земање на мостри и анализи на транспортираната храна за животни за да се открие присуство на рибино брашно.

(4) Официјалните ветеринари спроведуваат проверки на лице место за да ја верификуваат правилната примена на контролниот систем од став (3) точка 3) од овој член.

Член 21

**Услови за производство, складирање и транспорт на храна за животни со потекло од нуспроизводи од животинско потекло**

(1) Производство на храна за животни, вклучувајќи и храна за домашни миленици, која содржи производи од крв со потекло од преживари или преработени животински протеини, со исклучок на рибино брашно, не се врши во објекти кои произведуваат храна за фармски животни, со исклучок на храна за карнивори за производство на крзно.

(2) Неспакуваната храна за животни вклучувајќи и храна за домашни миленици, која содржи производи од крв со потекло од преживари или преработени животински протеини, со исклучок на рибино брашно, за време на складирање, транспорт и пакување треба да се чува во простории физички одвоени од просториите за неспакувана храна за фармски животни, со исклучок на храната за карнивори за производство на крзно.

(3) Храната за домашни миленици и храната за животни наменета за карнивори за производство на крзно која содржи дикалциум фосфат или трикалциум фосфат од член 5 точка (2) подточка б) на овој правилник, и производи од крв од член 5 точка 2) подточка в) на овој правилник треба да бидат произведени и транспортирани во согласност со член 12 став (1), член 13 став (2), член 17 став (1) и член 18 став (2) на овој правилник.

Член 22
**Услови за извоз на преработени животински протеини добиени од преживари**

(1) Извоз на преработени животински протеини добиени од преживари, и на производи кои содржат такви преработени животински протеини не може да се врши.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, дозволен е извоз на преработена храна за домашни миленици вклучувајќи и конзервирана храна за домашни миленици која содржи преработени животински протеини добиени од преживари која била подложена на соодветен третман и која е означена во согласност со одредбите од Законот за нуспроизводи.

(3) Извоз на преработени животински протеини добиени од непреживари и на производи кои содржат такви протеини може да се врши доколку:

1) тие се наменети за употреба која не е во спротивност со одредбите од член 3 од овој правилник; и

2) е склучен договор со земјата на дестинација, пред извозот, кој вклучува дека земјата на дестинација ќе ја почитува крајната употреба и нема да изврши повторен извоз на преработените животински протеини или производи кои содржат такви протеини за употреба забранета со член 3 од овој правилник.

(4) Одредбите од став (3) од овој член не се применуваат при извоз на:

1) рибино брашно, доколку се обезбеди исполнување на условите од Оддел III на Глава II на овој правилник;

2) производи кои содржат рибино брашно; и

3) храна за домашни миленици.

ГЛАВА IV
ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 23
**Влегување на сила**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 октомври 2010 година.

Бр. 11-2374/2
31 август 2010 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2366.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно амандман XXVI на Уставот на Република Македонија објавен во („Службен весник на РМ" бр. 107/2005), на седницата одржана на 13.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Трајчо Мишев, судија во Основен суд Штип, поради исполнување на условите за старосна пензија од 28.08.2010 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето 13.09.2010 година.

Бр. 07-1447/1
13 септември 2010 година
Скопје

Судски совет на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

**2367.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно амандман XXVI на Уставот на Република Македонија објавен во („Службен весник на РМ" бр. 107/2005), на седницата одржана на 13.09.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Љубен Нешкоски, судија во Апелационен суд Битола, поради исполнување на условите за старосна пензија од 20.07.2010 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето 13.09.2010 година.

Бр. 07-1448/1
13 септември 2010 година
Скопје

Судски совет на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2368.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 19 став 1 алинеја 8, а во врска со член 39 и член 52 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 63/06, 36/07 и 106/08) како и член 15 став 2 алинеја 2 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ" бр. 31/09), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и дистрибуција на електрична енергија МЕГА СОЛАР ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на 14.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство и дистрибуција на електрична енергија МЕГА СОЛАР ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Христо Смирненски" бр. 54-1, Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

2. Енергетската дејност производство на електрична енергија носителот на лиценцата ќе ја врши преку фотоволтаичен систем, лоциран на КП бр. 710, бр. 711 и бр. 712, КО Гермијан.

3. Правата и обврските на носителот на лиценцата во поглед на вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе бидат утврдени во прилог кон одлуката за утврдување на содржината на лиценцата, која ќе биде објавена во „Службен весник на Република Македонија" по доставувањето до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на Одобрението за употреба на објектот и потребните документи од Табела 24, точка III, од Прилог 1 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ" бр. 31/09).

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе влезе во сила по исполнување на условите утврдени во точка 3 од оваа одлука.

УП1 Бр. 07-3
14 септември 2010 година
Скопје

Заменик претседател,
**Рухи Бакију**, с.р.

---

**2369.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 19 став 1 алинеја 8, а во врска со член 39 и член 52 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) како и член 15 став 2 алинеја 2 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 31/09), постапувајќи по барањето на Друштвото за трговија на големо и мали услуги, производство и промет со електрична енергија ГРЕЕН ЕНЕРЃИ ЗПА ДОО експорт – импорт Гостивар, за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на 14.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија на големо и мали услуги, производство и промет со електрична енергија ГРЕЕН ЕНЕРЃИ ЗПА ДОО експорт – импорт Гостивар со седиште на ул. „ЈНА“ бр.173, Гостивар, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

2. Енергетската дејност производство на електрична енергија носителот на лиценцата ќе ја врши преку 10 фотоволтаични системи, лоцирани на КП бр. 43, 44, 42, 41, 32/2, 40, 39, 48, 49, 50, 51, 52/1, 52/2, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 68, 69, 73, 74, 75, 76, 77, 93, 94, 95, 96, 92/1, 92/2, 92/3 и 92/4, КО Ново Село.

3. Правата и обврските на носителот на лиценцата во поглед на вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе бидат утврдени во прилог кон одлуката за утврдување на содржината на лиценцата, која ќе биде објавена во „Службен весник на Република Македонија“ по доставувањето до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на Одобренијата за употреба на објектите и потребните документи од Табела 24, точка III, од Прилог 1 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 31/09).

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе влезе во сила по исполнување на условите утврдени во точка 3 од оваа одлука.

УП1 Бр. 07-16
14 септември 2010 година
Скопје

Заменик претседател,
**Рухи Бакију**, с.р.

**2370.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 19 став 1 алинеја 8, а во врска со член 39 и член 52 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) како и член 15 став 2 алинеја 2 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 31/09), постапувајќи по барањето на Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги ТЕКОМА ДОО Штип, за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на 14.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. На Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги ТЕКОМА ДОО Штип со седиште на ул. „Гоце Делчев“ бр. 36, Штип, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

2. Енергетската дејност производство на електрична енергија носителот на лиценцата ќе ја врши преку фотоволтаичен систем, лоциран на КП бр. 816/2, КО Долани.

3. Правата и обврските на носителот на лиценцата во поглед на вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе бидат утврдени во прилог кон одлуката за утврдување на содржината на лиценцата, која ќе биде објавена во „Службен весник на Република Македонија“ по доставувањето до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на Одобрението за употреба на објектот и потребните документи од Табела 24, точка III, од Прилог 1 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 31/09).

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе влезе во сила по исполнување на условите утврдени во точка 3 од оваа одлука.

УП1 Бр. 07-21
14 септември 2010 година
Скопје

Заменик претседател,
**Рухи Бакију**, с.р.

---

**2371.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 19 став 1 алинеја 8, а во врска со член 39 и член 52 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) како и член 15 став 2 алинеја 2 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 31/09), постапувајќи по барањето на Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СНХ-ЕКСИМ увоз-извоз ДООЕЛ Македонски Брод, за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на 14.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СНХ-ЕКСИМ увоз-извоз ДООЕЛ Македонски Брод со седиште на ул. Маршал Тито бр.5, Македонски Брод, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

2. Енергетската дејност производство на електрична енергија носителот на лиценцата ќе ја врши преку фотоволтаичен систем, лоциран на КП бр. 768/10, КО Другово.

3. Правата и обврските на носителот на лиценцата во поглед на вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе бидат утврдени во прилог кон одлуката за утврдување на содржината на лиценцата, која ќе биде објавена во „Службен весник на Република Македонија“ по доставувањето до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на Одобрението за употреба на објектот и потребните документи од Табела 24, точка III, од Прилог 1 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 31/09).

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе влезе во сила по исполнување на условите утврдени во точка 3 од оваа одлука.

УП1 Бр. 07-23
14 септември 2010 година
Скопје

Заменик претседател,
**Рухи Бакију**, с.р.

---

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2372.**

Советот на Јавните обвинители на Република Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на Јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник РМ“ бр.150/07), објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА**

I

1. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес.

2 .Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Тетово.

3. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица.

4. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гевгелија.

Кандидатите за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во член 45 од Законот за јавно обвинителство („Сл. весник на РМ“ бр. 150/07), Законот за измени и дополнување на Законот за јавно обвинителство („Сл. весник на РМ“ бр. 111/08), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

I. Кандидатите за избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства Велес, Тетово, Струмица и Гевгелија од точка I од огласот, како посебен услов потребно е да имаат завршено Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверенијата за државјанство и лекарско уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), треба да достават и доказ за верифицирана изјава за исполнување на условите за вршење на јавна функција согласно со чл.2,став 2 и член 3, став 2 од Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на РМ“ бр. 14/08 од 29.01.2008 година) и Законот за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на РМ“ бр.64/09 од 22.05.2009 година), издаден од надлежната Комисија за верификација на факти, согласно наведениот Закон. Потребните документи да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Македонија ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 26 во рок од 15 дена од објавувањето во „Службен весник на РМ“.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов**, с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**2373.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10 и 97/10), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец август 2010 година, во однос на месец јули 2010 година, е повисока за 0,1%.

2. Правото на пораст на платите за месец август 2010 година, во однос на месец јули 2010 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија изнесува 0,05%.

Министер,
**Џељаљ Бајрами,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010121